


*Извештај од самоевалвација на училиштето*

*Јули, 2022 година*

Врз основа на Законот за основно образование (Сл.весник на РСМ 161/2019) член 128, 129 и 130, за обезбедување на квалитет на наставата Училишниот одбор на секои четири години донесува програма за развој на училиштето во која се земени предвид резултатите од самоевалуацијата спроведена од страна на училишната комисија,советодавната и стручната помош од БРО, препораките од извештајот од интегралната евалуација спроведена од страна на Државниот просветен инспекторат, како и резултатите од екстерната евалуација содржани во годишниот извештај за работа на наставниците и стручните соработници од страна на Државниот испитен центар.На секои две години училиштето врши самоевалуација.Самоевалуацијата се спроведува на крајот на секоја втора наставна година.

Согласно одредбите на член 129 став 2 од Законот за основно образование, Училишниот одбор на ООУ ,,Вук Караџиќ“ - Куманово, донесе Одлука за формирање на комисија за самоевалуација на училиштето. Формирана е комисија за самоевалуација во состав: Розита Ѓорѓевиќ –психолог, Фросина Ефремовска – педагог, Анита Младеновиќ - предметен наставник, Јелаена Мандиќ – одделенски наставник и Горан Павловски член од Совет на родители на седница одржана на 27.12.2021 година.

***Идентификациони податоци на училиштето***

| Самоевалуација на училиштето | |
|---|---|
| **УЧИЛИШТЕ** | ООУ „Вук Караџиќ” |
| **Адреса** | ул. „Браќа Филиповиќ ” бр. 17 - Куманово |
| **Контакт податоци (тел, факс, е-маил)** | Тел/факс: 031/424-314<br>ouvk60@yahoo.com<br>***www.vukkaradzik.weebly.com*** |
| **Период на подготовка на СЕУ** | Јули, 2022 |
| **Број на ученици во училиштето** | 97 |
| **Број на подрачни училишта** | / |
| **УЧИЛИШЕН ДИРЕКТОР** | Надица Петровска |
| **Име и презиме** | |
| **Потпис** | |
| **Датум** | 1.7.2022 |
| **ОДОБРУВАЊЕ ОД УО** | (м.п.) |
| **Име и презиме** | Марина Колевска |
| **Потпис** | |
| **Датум** | |

Училишната зграда е лоцирана на улица „Браќа Филиповиќ“ бр.17Куманово која е споредна улица, а е поврзана со сообраќајници од двете страни, близу до Пазарот и булевартот “ 3та МУБ“. Основното училиште „Вук Караџиќ“ го покрива реонот МЗ„Тоде Мендол“.

## СПЕЦИФИЧНОСТИ НА УЧИЛИШТЕТО - ПО ШТО СМЕ ПРЕПОЗНАТЛИВИ




## Што правиме да бидеме подобри?

Самовреднувањето има единствена цел, подобрување на квалитетот во наставата и севкупниот живот и работа во училиштето. Од анализите и согледувањата се добија показатели за подобрување и унапредување на одделни сегменти и подрачја во работата на училиштето.

Самовреднувањето е насочено кон:

- Претворање на општите цели во конкретни задачи и задолженија;
- Хармонизирање и балансирање на обврските на ниво на стручни активи и поединци;
- Организираност, систематичност и сигурност во работата во делувањето на сите субјекти на ниво на училиште;
- Можност за воспоставување квалитетен систем на следење, анализирање и вреднување на работата.
- Процесот на самоевалуација се реализираше преку однапред договорени приоди и постапки:формирање на тимови по подрачја; внатрешна поделба на одговорностите помеѓу членовите на тимовите; изготвување на инструменти, анализи, прибирање на доказни материјали , евидентирање на истите и изготвување на извештај.

## АНАЛИЗА НА ПОДРАЧЈАТА/ОБЛАСТИ ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА

**1. Наставни планови и програми**
**2. Постигнување на учениците**
**3. Настава и учење**
**4. Поддршка на учениците**
**5. Училишна клима и култура**
**6. Ресурси**
**7.Управување, раководење и креирање политика**

**Самоевалуација на училиштето: ООУ „Вук Караџиќ“– Куманово** **Подрачје 1:** ***Наставни планови и програми***

| |
|---|
| Оддели во рамките на подрачјето: Наставни планови и програми<br><br>1.1 Реализација на наставните планови и програми<br>1.2 Квалитет на наставните планови и програми<br>1.3 .Воннаставни активности |

**Подрачје1:** ***Наставни планови и програми***

1.1. Реализација на наставните планови и програми

| Теми: | Констатации, собрани податоци: | Извори на податоци |
|---|---|---|
| Применувани наставни планови и програми | - Применуваните наставни планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од Министерството за образование и наука. Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем.<br>- Наставата целосно се организира и реализира согласно наставниот план за основното образование. Училиштето ги нуди и ги реализира само наставните планови и програми изготвени од Бирото за развој на образованието и одобрени од Министерството за образование и наука. Од оваа учебна година се воведе нова Концепција за Основно образование која од оваа учебна година започна да се реализира во прво и четврто одделение, а ќе продолжи последователно секоја година. Во четврто одделение се воведоа дигиталните учебници за кои дел од родителите не се изјаснија со позитивно мислење.<br>- Реализација на наставната програма оваа учебна година како и претходната наставата се реализираше по скратена програма поради состојбата со пандемијата.<br>- Наставните планови и програми доставени од Министерството за образование – Бирото за развој на образованието им се достапни на сите наставници (на веб страната од БРО), а наставниците редовно се запознаваат со измените и дополнувањата на наставниот план доколку ги има пред почетокот на неговата примена.<br>- Врз основа на наставните планови и програми, наставниците пред почетокот на секоја учебна година изработуваат годишни и тематски планирања по сите наставни предмети (задолжителни и изборни) и за слободните ученички активности. Истите најдоцна до 15 септември ги предаваат кај директорот на училиштето. Со новата концепција се изготвуваат тематско-процесно планирање, неделни планирања и дневни сценарија.<br>Планирањата наставниците ги доставуваат до стручна служба која води евиденција и изготвува преглед кој покажува дека сите се наменски – изработени конкретно за тековна учебна година.<br>- При изработката на наставните и други програми наставниците од одделенска настава работат тимски и прават заеднички планирања по одделенија и наставни предмети. Наставниците од предметна настава работат тимски само во одделни случаи, доколку различни наставници | - Наставни планови и програми донесени од Министерството за образование и наука;<br>- годишната програма за работа на училиштето ;<br>- годишни и тематските планирања на наставниците;<br>- нормативните акти на училиштето (статут);<br>- стручните упатства и насоки за операционализација на наставните планови и програми (материјали од обуки за нови наставни програми,прирачници);<br>- педагошката евиденција и документација (следење на педагогот и директорот,извештаи)<br>- интегрирано планирање за екологија<br>- планирања за дополнителна и додатна настава<br>- извештаи за реализација на наставата и вон-наставните активности<br>- записници од стручни активи<br>- планирања од „Животни вештини<br>- Интервју со директор на училиште<br>- Прашалник за родители<br>- Прашалник за ученици |

| | | |
|---|---|---|
| | предаваат ист предмет што во голема мера влијае на меѓупредметната корелација во предметна настава. Секако треба да се истакне дека, меѓу наставниците од предметна настава постои интерна меѓупредметна корелација, но за да се оствари истата на глобално ниво (интегрирана во годишните и тематски планирања во рамки на ист временски период) потребно е усогласување на наставните планови посочени од БРО, бидејќи постојат разминувања во области и теми кои се изучуваат. (Пример: Во наставата по англиски јазик учениците во VII одделение учат за поимот "реге музика" и други жанрови, додека популарните жанрови како наставна содржина по музичко образование се изучуваат во IX одделение)<br>- Пред почетокот на секоја учебна година, училиштето изработува Годишна програма во која ги планира севкупните активности за реализација на наставните планови и програми,<br>како и за реализација на вон-наставните активности. Во Годишната програма се дадени и приоритетни задачи за работа на училиштето кои произлегуваат од долгорочните цели дадени во Развојниот план на училиштето. Годишната програма се разгледува од страна на Наставничкиот совет, Училишниот одбор ја предлага за усвојување на Советот на Општината.<br>Процедурата за донесување на Годишна програма е целосно запазена.<br>- Одделенските раководители во предметна настава за часот на одделенската заедница и наставниците од второ до петто деветгодишно одделение работат според програмата „Животни вештини“. Оваа програма во прво одделение се планира и реализира во рамките на редовните предмети.<br>- Сите наставници планираат, но согласно потребите се реализира дополнителна и додатна настава во училиштето, за која е изработен и истакнат распоред, а истиот се доставува до Државен просветен инспекторат до 20 септември за тековна учебна година.<br>- Сите наставници вршат интегрирано планирање во своите планирања за настава со содржини од проектот: „ Интеграција на еколошкото образование во македонскиот образовен систем“, како и содржини од проектот „Меѓуетничка интеграција во образованието“, а исто така сите наставници планираат и користење на информатичко комуникациски технологии и изработка на домашни задачи. | |
| Информираност на родителите и учениците | - Училиштето има воспоставено процедура и користи повеќе различни медиуми (начини) да ги информира членовите на Советот на родители, | - педагошка евиденција и документација |

| | | |
|---|---|---|
| за наставните планови и програми | другите родители, учениците, како и сите други кои бараат информација, за целите на наставните планови и програми што се реализираат. За таа цел одделенските и предметните наставници заедно со стручните соработници изработуваат флаери со наставни предмети и теми кои ќе се изучуваат по одделенија и истите им се делат на родителите на почеток на учебна година.<br>– Родителите се запознаваат со наставните планови и програми исто така и на родителските средби и состаноци на Советот на родителите<br>- Учениците се запознаваат со наставните планови и програми на првите часови на почетокот од учебната година,<br>- Информации за наставните планови и програми можат да се најдат и на веб страната на училиштето и на БРО, од брошурата и флаерите за родителите и ученици кои ги содржат следните **елементи- мото МОЕТО ЗДРАВО УЧИЛИШТЕ-УЧИЛИШТЕ ПО МЕРКА ЗА ДЕЦАТА, мисија, визија, цели и програмски документи, права и обврски на учениците, организација на воспитно-образовната работа во училиштето, стил на работа на училиштето и воспитно-образовниот кадар.** | - записници од Училишниот одбор, советот на родители и стручните органи научилиштето;<br>- брошури, флаери, видео запис, презентација и веб страната на училиштето, фејсбук страна на училиштето, маилови на родители<br>-прашалници за родители и ученици |
| Приспособување на наставните програми на децата со посебни образовни потреби | Во училиштето има формиран инклузивен тим за секој ученик со посебни образовни потреби кој работи на приспособување на наставните програми по сите предмети според можностите на децата со посебни образовни потреби бидејќи нема вработено дефектолог, но последни две години во училиштето има образовен асистент кој работи моментално со еден ученик во одделенска настава заедно со наставникот и другите ученици.<br>- Во училиштето образованието го остварува една група ученици со посебни образовни потреби ( дел категоризирана од МКФ стручно тело за проценка на функционални способности која од оваа учебна година претставува задолжителна обврска за овие ученици) .Наставата овие ученици ја следат во редовни паралелки, вклучени во редовна настава, со која се работи според приспособени наставни програми. Стручната служба има изработено правилник за изработка на ИОП според кој и се изработуваат индивидуални планови за учениците со посебни образовни потреби.<br>- Но останува фактот што во училиштето има голем број ученици кои поспоро напредуваат и се упатуваат на стручна проценка за да се види за каков вид на попреченост станува збор, но дел од родителите одбиваат да го прифатат фактот дека на нивно дете му е потребна | - стручните упатства и насоки за операционализација на наставните планови и програми (материјали од обуки за нови наставни програми,прирачници);<br>- педагошката евиденција и документација<br>- програми за работа со ученици со посебни образовни потреби<br>- Програма за работа на педагогот и психологот<br>- дневни планирања од наставници<br>- Барање согласности за нови вработувања<br>- планирања за час<br>- Извештај од инспекциски надзор<br>-Прашалник за директор на училиште<br>-Интервју со педагог |

| | | |
|---|---|---|
| | помош и затоа овие ученици не се категоризирани и не може да им се понуди соодветна помош каква што им е потребна на овие ученици.<br>– Со учениците кои поспоро и потешко напредуваат секој наставник прилагодува дел од наставната програма за определен час кога има потреба и работи индивидуално со тој ученик/ци заедно со образовен асистент. Истото се прави и при планирањето на дадениот час.<br>Педагогот дава стручна помош со совети и консултации со наставниците за начинот на работа со овие ученици, а психологот повремено работи и ги следи овие ученици. | -Интервју со психолог |
| Избор на наставни предмети | - Училиштето на учениците им нуди изборни предмети, според наставниот план и спецификите на локалната средина.<br>Постапката за избор на наставни предмети се применува во целост, со доследно почитување на потребите и барањата на учениците. На крај од учебната година се спроведуваат анкети со родителите и учениците каде тие се изјаснуваат кој изборен предмет сакаат да го изучуваатод наредната учебна година..<br>- Наставните предмети од листата на изборни предмети во наставниот план, учениците ги избираат спрема афинитетите.<br>- При постапката за избор на предмети присутна е појавата да има задоволувањето на потребите на наставниците на кои им недостасуваат часови до полното работно време.<br>- Училиштето се раководи од инструкции од МОН и БРО кој од минатата учебна година  има изготвено правилник за избор на слободен изборен предмет за учениците од IV одделение по новата Концепција кои избираат два од листа на понудени изборни предмети кои ги слушаат еден во  прво полугодие и еден во второ полугодие од понудени предмети. Учениците од I одделение имаат два изборни предмети неделно во рамки на воннаставни активности. Учениците од V одделение од деветгодишното основно образование имаат можност да изберат дали ќе го изучуваат предметот „Творештво“ како изборен предмет или не. Додека предметот Работа со компјутери кој беше изборен сега  е задолжителен во трето, четврто и петто одделение.<br>Во училиштето за наредната учебна година се избрани и ќе се изучуваат следниве изборни предмети: Запознавање со религиите во  VI, Проекти од ликовно  во  VII, Истражување на родниот крај во VIII и Програмирање во IX одделение. | - анкетите за, родителите и учениците (анкети за избор на изборен предмет); |

| | | |
|---|---|---|
| | На учениците од ромска и српска националност за наредната учебна година им е понудено изучување на втор изборен предмет Ромски и Српски јазик за кои интересот е многу мал, а исто така на сите ученици им беше понудено да го изучуваат и Албанскиот јазик за чие изучување исто така нема позитивен одговор од учениците. | |
| Планирање на активности за реализација на слободните часови/проектните активности на училиштето<br><br>Планирање на активности за реализација на проектот Меѓуетничка интеграција во образованието | Проектните активности се планирани во Годишната програма на училиштето,а секој проект има определено тим од наставници и ученици кои раководат со проектот и наставници ментори кои ги реализираат активностите, определена е динамиката на активностите, реализатори, евалуација и презентација на постигнати цели. До сега се реализирани многубројни проекти во училиштето: Мулти култи, Еко проект, Безбедно училиште, Претприемничко учење, Училиште на 21 век- Микро бит, Антикорупциска едукација.<br>Во изминатите учебни години активно се реализираат активности во рамки на проектот Меѓуетничка интеграција во образованието а од оваа учебна година Меѓуетничка интеграција на младите за кој се планирани активности во Годишна програма со партнер училиштето ООУ Наим Фрашери, се реализираат работилници, меѓусебни посети, манифестации и спортски и други активности. Наставниците планираат и реализираат и самостојни активности на наставните часови и слободни активности и проекти. | Годишна програма на училиштето за учебна 2022/2023<br>Извештаи од реализирани активности, фотографии, видео клипови |
| План на активности за реализација на еколошки проекти и точки на акции од воспоставените еко-стандарди | Во Еко- проект се обработуваат предвидените еко стандарди, направена е анализа на состојбата во однос на сите еко стандарди, Формиран е еко одбор, одредени се наставници ментори за секој стандард и предложени се еко патроли. Направен е еко календар и еко кодекс кои се истакнати на училишната огласна табла. До сега се организирани повеќе активности во кои земаат учество најголемиот број на ученици и наставници. Организирани се еко денови по повод Еколошка акција на младите од РСМ, Светски ден на акција и сл. Сите наставници имаат предвидени содржини од екологија во своите тематски планирања и ги реализираат според предвидената динамика. | Програма на ниво на училиште, тематски планирања на наставници<br>Извештаи од реализирани активности<br>Фотографии, видео клипови, поставени документи на интернет страна на училиштето, изработки на ученици-флаери, постери, пораки,рецклиран материјал |
| Планирање на активности за реализација на воннаставните активности | - Училиштето ги задоволува интересите и желбите на учениците и континуирано им нуди програми од разни области во рамките на слободните активности во училиштето. Програмата за слободните активности ги изработуваат и нудат одговорните наставници, а учениците преку анкета или пријавување се определуваат во кои ќе земат учество. Учениците не се ограничени во учеството (освен да учествуваат најмногу во две), ниту пак се случува било каква | - анкетите за учениците за избор на СУА<br>- програми за работа на СУА<br>- програма за изведување на екскурзии<br>- програма за општествено – корисна работа |

| | | |
|---|---|---|
| | дискриминација при запишувањето во некоја воннаставна активност. За тоа кои СУА ќе бидат застапени се договара на Наставнички совет. Со истите учениците се запознаваат на почетокот од секоја учебна година, а секој ученик слободно и според своите афинитети се одлучува во која ќе учествува. Списоците со учениците ги доставуваат до стручната служба наставниците одговорни за секоја СУА. Се води сметка еден ученик да не учествува во повеќе од две СУА. На крајот на учебната година сите наставници доставуваат извештаи за реализираните активности кои се заверуваат од страна на секретарот.<br>-Проблем се јавува со намалување на овие активности со воведувањето на деветгодишното образование каде со наставниот план не се предвидени слободни ученички активности.<br>Програми за Ученички екскурзии и настава во природа се изработуваат според Правилник од МОН и се реализираат според пропишана постапка. Годишната програма на училиштето предвидува и излети, зимувања и летувања на учениците но заради лоша финаниска состојба на родителите делумно се реализираат исто така и заради пандемијата последни две години не се реализираа. | - програма на заедницата на ученици<br>- програма за грижа за здравјето на учениците<br>- план за учество на Натпревари, конкурси и др. манифестации<br>- програма за професионална ориентација на учениците<br>-прашалник за родители |
| Реализација на проширени програми | Училиштето има изготвено проширена програма за прифаќање на учениците како Продолжен престој меѓутоа истата не се реализира поради слабиот одзив од страна на родителите.<br>Во зависност од потребите наставниците од одделенска настава ги згрижуваат учениците еден час пред и еден час по наставата. | Проширена програма за продолжен престој на учениците |
| Интегрирање на еколошки содржини од еколошката програма во годишната програма за работа на училиштето | Училиштето реализира програма „Интегрирање на еколошка едукација-интегрирано планирање во наставата: предметна и одделенска настава. Во рамки на наставата програмата се реализира кај поголем процент наставници. Поврзувањето на еколошките содржини со наставната програма се врши преку 9 теми и еколошките содржини од тие теми кои наставниците ги избираат и применуваат во согласност со својот предмет. Пред почетокот на учебната година наставниците ги планираат и поврзуваат своите наставни содржини со еколошките содржини од деветте теми какои и одделението, бројот на часови и време на реализација. | План на активности за реализација на еколошки проекти и точки на акции од воспоставените еко-стандарди<br>Еко програма<br>Годишна програма на училиште-анекси-мултимедијален пакет за образование за одржлив развој<br>Извештаи од реализирани активности по посебни програми<br>Преглед на реализирани во одд. книги |

**Подрачје1:** ***Наставни планови и програми***

1.2. Квалитет на наставните планови и програми

| Теми: | **Констатации, собрани податоци:** | **Извори на податоци** |
|---|---|---|
| Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност<br>во наставните програми и учебните помагала<br><br>Проектот за Меѓуетничка интегрчебните помагала. | Кај поголем број на наставници се согледува планирање на истражувачкиот пристап во наставата, особено на разни култури и обичаи на народите кои живеат во земјата. При анализа на учебниците од 1-9 одделение согледано е дека има голем број на неусогласеност на содржини со еднаков пристап спрема половите, а во мал број кон етничките групи. Се изучуваат културни традиции и вредности само на Македонците и Албанците, додека во мал број или не се присутни во учебниците содржини каде се изучува културата, обичаите и религиите на Србите, Ромите и други етнички групи.<br><br>Наставниците имаат предвидени содржини од Меѓуетничка интеграција во своите тематски планирања и ги реализираат според предвидената динамика во склоп на редовните содржини и содржините од Животните вештини и истите ги бележат како МИО активности, а истите самостојно не фигурираат во учебните помагала. | Учебници од прво до девето одделние<br><br>Годишни и тематски планирања и дневни подготовки на наставниците<br><br>Годишна програма на училиште - учебни 2020/2021 и 2021/2022 година |
| Интегрирање на општите (меѓупредметните) цели на образованието | Се планира интегрирање на целите од сите предмети само во одделенската настава-кај најголем број од наставниците. Во предметна настава нема интегрирање на цели, има индивидуален приод во планирање на работата на наставниците. Мал број од наставниците имаат влијание врз наставните програми, со тоа што на креативен начин ги планираат образовните содржини, особено во делот на прилагодување на наставните програми кон индивидуалните потреби на учениците. При реализација на наставните содржини по различни предмети доколку постои можност за интеграција на истите се реализираат во рамки на наставни предмети само во одделенската настава. Во предметна настава сеуште не постои интеграција на содржини или предмети. Општи цели на образованието се реализираат единствено преку реализација на час од одделенска настава со програмата за Животни вештини од прво до девето одделение. Училиштето им дава на наставниците насоки за вградување на меѓупредметните цели во сите наставни програми што ќе се реализираат. Наставниците ги почитуваат тие насоки при своето планирање, па често во планирањата може да се сретанат исти цели | Одделенски дневници од прво до девето одделение<br><br>Годишни и тематски планирања и дневни подготовки на наставниците<br>Насоки за планирање на наставата и вонnаставните активности<br>-Интервју со стручна служба |

| | | |
|---|---|---|
| | како следниве: развивање на самодовербата, иницијативноста, одговорноста, почитувањето на различноста и основните човекови права и јакнење на свеста на учениците за припадност на Република Северна Македонија. | |
| Влијание на наставниците, родителите и социјалните партнери врз наставните планови и програми | Наставниците и родителите немаат влијание врз изработка на наставните планови и програми. Искажуваат мислење на состаноците дека бројот на часовите не е прилагоден на возраста на учениците.<br>Училиштето планира реализација на ученички екскурзии и настава во природа, како една од формите на воннаставна активност и во планирањето и подготовката активно се вклучени родителите, а особено Советот на родителите.<br>Училиштето преку формалните органи планира активности за прибирање и разгледување мислења за наставните планови и програми и учебните помагала од наставниците и од родителите од аспект на нивната оптималност и ефикасност.<br>- Директорот и педагогот на училиштето вршат следење на навременото предавање на планирањата од наставниците, на нивната комплетност, соодветност со Наставните планови и програми и на нивниот квалитет. Нивните забелешки и сугестии се навремено и целосно дадени на наставниците. | Извештај од инспекциски надзор<br>Записници од состаноци на Совет на родители<br>Стручни активи на одделенски наставници<br>Интервју со стручна служба |
| Влијание на наставниците, родителите и социјалните партнери во интегрирањето на еколошката програмата во годишната програма за работа на училиштето | Во плановите на активности како рамноправни учесници се вклучени сите наставници, дел од родителите, НВО од општината и јавни претпријатија. При планирање и презентирање на истите на Наставнички совет се одредуваат тимови и координатори за изработка на плановите и нивна реализација. | План на активности за реализација на еколошки проекти и точки на акции од воспоставените еко-стандарди<br>Еко програма<br>Годишна програма на училиште-анекси |

**Подрачје1:** ***Наставни планови и програми***

1.3. Воннаставни активности

| Теми: | Констатации, собрани податоци: | Извори на податоци |
|---|---|---|
| Обем и разновидност на планираните и реализираните | Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни Активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за поддршка на нивниот личен, кариерен (професионален) и | - анкетите за учениците за избор на СУА |

| | | |
|---|---|---|
| воннаставни активности | социјален развој. Подрачјето на воннаставните активност во нашето училиште ги опфаќа: слободните ученички активности, екскурзиите, општествено корисната работа, заедницата на учениците, грижата за здравјето на учениците, професионалната ориентација и ученичките натпревари.<br>- Согласно капацитетот на училиштето (материјални средства и наставен кадар) се нудат повеќе воннаставни активности и учество на учениците во истите.<br>- Со Годишната програма за работа на училиштето се планираат колку и какви ученички екскурзии ќе се изведуваат, а согласно правилникот за реализација на ученичките екскурзии. Пред реализацијата на екскурзијата одговорните за истата поднесуваат програма за одвивање на ексурзијата, а по завршувањето –извештај за одвивањето на екскурзијата. Одложувањето (неодржувањето) на екскурзиите е со одлука на Наставнички совет, како и изведувањето на дополнителни, непланирани екскурзии. Пред изведувањето на секоја екскурзија се известува Општината, БРО и локалната полициска станица. Сите екскурзии се финансираат од страна на родителите на учениците. Пред секое изведување на екскурзија родителите се прашуваат и известуваат за истата преку Советот на паралелката, на родителска средба или преку Советот на родители.<br>- Општествено корисна работа на учениците е насочена кон реализирање на планирани активности со програмата на училиштето, како и учество во активности во соработка со локалната средина. Најчесто се состојат во уредување на просторот во училиштето и училишниот двор, но и учество во други, надворешно организирани активности („Ден на дрвото“, „Ден на екологијата“ и слично).<br>- Ученички парламент, како највисока форма на организирање на учениците од VI - IX одделение, составен од претседателите на заедниците на паралелките, активностите ги реализира според однапред изготвена програма за работа координирана од педагог и библиотекар.<br>- Училиштето води грижа за здравјето на учениците и во таа Смисла , во согласност со училишната здравствена политика, реализира активности детерминирани во програмата за работа на училиштето во врска со грижата за здравјето на учениците која е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето. Се води сметка учениците секогаш правовремено да бидат запознаени со | - програми за работа на СУА<br>- програма за изведување на екскурзии<br>- програма за општествено – корисна работа<br>- програма на заедницата на ученици<br>- програма за грижа за здравјето на учениците<br>- план за учество на натпревари, конкурси и други манифестации<br>- програма за професионална ориентација на учениците<br>-Годишни извештаи на училиштето<br>-Распоред на воннаставни активности и задолженија на наставници за учебна година во наставничка канцеларија |

| | | |
|---|---|---|
| | актуелни здравствени теми од страна на компетентни лица –лекари. Се следи и организираат систематските прегледи на учениците (4 во текот на школувањето на секое дете), имунизацијата и систематските стоматолошки прегледи.Беше направено истражување за начинот на исхраната на учениците и изработен плакат со препораки за здрав начин на исхрана на учениците согласно со Правилникот пропишан од МОН.<br>- Од минатата учебна година согласно протоколите за заштита од КОВИД -19 и целокупната состојба со државата следени се инструкции дадени од страна на Министерство за образование и наука и Министерство за здравство и изготвени се препораки за заштита на учениците.<br>- Професионалната ориентација на учениците се реализира Согласно соодветна програма. Главен акцент е ставен на учениците во завршните одделенија и нивното насочување за соодветен избор на средно училиште.<br>Преку извештаите е дојдено до податоците дека Наставните програми 100% се реализираат . Според извештаите се согледува дека учениците учествуваат и се здобиваат со признанија на конкурси, натпревари и благодарници за учества на манифестации, во најголем број случаи планираните активности од областа што е показател за успешноста на реализацијата на часовите од областа Слободни ученички активности и Воннаставни активности и проекти. Во извештајот од 2021/2022 година, на ниво на училиште реализирани се 16 151 часа редовна настава, 483 часа одделенски час 1018 часа додатна и дополнителна настава , 571 часа слободни ученички активности, 539 часа воннаставни активности и натпревари, 318 час општествено корисна и хуманитарна работа и 633 часа здравствена заштита на учениците, 5152 ИКТ, 395 МИО и 867 час ЕКО содржини. Часот од одделенската заедница е реализиран 100% во сите паралелки. Можно е да се јават мали разлики зависно од распоредот на часовите и работниот календар на учебната година. Минатата учебна година наставата е реализирана по скратена програма Дополнителна настава е реализирана во поголем број и од поголем број наставници, како и додатната настава. Слободни ученички активности и воннаставни активности и ученички натпревари се разлизирани во најголем дел, од најголем број наставници за периодот додека се реализираше редовна настава . Образованието на учениците во областа Здравствена заштита на учениците се однесува на грижа за здравјето на | |

| | | |
|---|---|---|
| | учениците, заштита од заразни болести со помош на Министерството за здравство – Медицински центар, НВО, Црвен крст и консултативно-советодавна работа од страна на училишен психолог и педагог како и од страна на одделенските раководители и раководители на паралеки на часовите на одделенските заедници и преку содржини од предметите Општество, Природни науки, и Биологија со најголем број на реализирани и евидентирани часа споредбено со планираните часови. Реализирани се во поголем број часовите од подрачјето општествено-корисна и хуманитарна работа на учениците.<br><br>Во наставничката канцеларија се истакнати Задолженија за работа на воспитно-образовниот кадар за учебна 2021/2022 година каде за реализација на планираните воннаставни активности има определено одговорни наставници . | |
| Опфатеност на учениците со воннаставните активности | Најголемиот број ученици се вклучени барем во една воннаставна активност за поддршка на личниот и социјалниот развој, без оглед на нивниот пол, етничката припадност и социјалното потекло.<br>Училиштето обезбедува услови за вклучување на учениците од семејства со низок социо-економски статус во воннаставните активности. Не се прави воопшто разлика за овие ученици при нивното вклучување во воннаставните активности.<br>Во однос на мултикултурализам училиштето организира заеднички активности (наставни, вон-наставни и/или вон-училишни) наменети за културно/ јазички мешани групи ученици и учениците учат да ја почитуваат сопствената култура и културата на другите етнички заедници и да ги коригираат негативните слики за припадниците на различните етнички заедници (Македонци, Албанци, Роми, Турци итн.), | Програми за работа на СУА |
| Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата во воннаставните активности | Учениците се вклучуваат во воннаставните активности според сопствен избор.<br>- Препораката на наставникот е одлучувачка во изборот на воннаставната активност, како и во планирањето на содржината на работата. | Програми за работа на СУА |
| Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активности | Учениците, со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, работат на проекти, учествуваат во различни манифестации и се трудат да постигнат високи успеси на натпревари од различни области што се организираат на локално, национално или на меѓународно ниво.<br>Постојат и се користат средства за афирмирање на воннаставните | Евиденција за учество на натпревари, конкурси и други манифестации.<br>- Дипломи, признанија, сертификати, благодарници |

| | | |
|---|---|---|
| | активности.<br>- Учениците учествуваат на конкурси, литературни читања,општински, регионални и државни натпревари, меѓународни натпревари, проекти на локалната самоуправа и Министерството – Денови на акција, ЕКО проектот, „Безбедно училиште“, Маскенбал „Батко Ѓорѓија“ ,  Ден на ЕУ, Техно сајанс- Млади рецитатори, Ликовен и литературен конкурс по повод Свети Сава и Денот на училиштето, Микрософт иновативни наставници, Дабар, Ракатки, Креф, „Средби под јаворите”, Европска недела на кодирање, Еко логик, Пи-Ден, интеркултурни работилници во рамки на Нансен, соработка со списание „Росица” во прво одд. преку активности и дигитални игри, Мултимедијален проект.<br>- Стекнатите знаења постигнати во редовната настава и воннаставните активности учениците ги презентираат на настапите пред нивните соученици и родителите по повод денот на училиштето, Свети Сава, и други манифестации и ученички натпревари. | |
| Обем и разновидност, опфатеност, вклученост и афирмација на учениците во изработката на Анализата на состојбата на животната средина | Тимот задолжен за изработка на Анализа на состојбата на животната средина се состои од 10 возрасни членови и 12 ученици. За сите точки за анализа на состојбата на животната средина се формирани еко патроли со по 5 ученици и одговорен наставник.(вкупно 6- отпад, вода, енергија, училишен двор,училишни простории и холови, здравје, транспорт) На состанокот на еко одборот секоја еко патрола преку свој претставник поднесува извештај. Се одредува тим кој ја изработува целокупната анализа за училиштето и план на активности на училишни проекти и точки на акции за предвидените еко-стандарди.Овој тим се состои од 2 координатори-наставници и 5 ученици од 7-9 одделение. Анализата на состојбата на животната средина се спроведува во месец мај или јуни. | Материјали од еко проект-анализа на животна средина |
| Обем и разновидност, опфатеност, вклученост и афирмација на учениците во изработката на Планот на активности и реализацијата на еколошки проекти и точки на акции одвоспоставени еко-стандарди | Се одредува тим кој ја изработува целокупната анализа за училиштето и план на активности на училишни проекти и точки на акции за предвидените еко-стандарди. Овој тим се состои од директорот, 2 координатора наставника, 8 наставници  и 10 ученици од 7-9 одделение. Се изработуваат извештаи и фотографии кои се поставуваат на училишниот сајт и фејсбук страна на училиштето. Планот на активности се изработува по завршената Анализата на состојбата на животната средина, а се разгледува и усвојува на првиот состанок на Еко-одборот. | Материјали од еко проект-план на активности<br>Извештаи од еко проекти и активности<br>Фотографии |

**Подрачје1:** ***Наставни планови и програми***

| **Резултати:** |
|---|
| ***Јаки страни:***<br>- Наставните планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од Министерството за образованиеи наука и истите се реализираат во пропишаниот обем.<br>- Училиштето нуди неколку изборни предмети и се применува постапката за избор на наставни предмети<br>- Постојат добри примери на меѓупредметно интегрирање на целите на наставата, посебно во одделенска настава.<br>- Голем број од учениците учествуваат во слободните ученички активности и во други вонннаставни активности.<br>**-** Учениците, работат на проекти, учествуваат во различни манифестации и постигнуваат високи успеси на натпревари од различни области што се организираат на локално и државно ниво. Истите добиваат соодветна материјална и друга поддршка од училиштето.<br>**-** Со децата со посебни образовни потреби, вклучени во редовната настава, се работи според приспособени наставни програми.<br>- Училиштето прибира и разгледува мислења за наставните планови и програми преку формалните органи,<br>-Навремена изработка на годишните глобални планирања и унифициран образец за планирање во одделенска и предметна настава;<br>-Наставници имаат слобода при планирање на нивната работа, со можност за флексибилност за целосно остварување на поставените цели<br>-Систематско следење на планирањата од страна на директорот, психологот и педагогот<br>-Училиштето има изградено стратегија за следење на ВОП<br>-Целосна реализација на слободните ученички активности, додатната и дополнителната настава |
| ***Слаби страни:***<br>- Препораката на наставникот е одлучувачка во изборот на воннаставната активност, како и во планирањето на содржината на работата.<br>- Послаба меѓупредметна корелација при планирањето и реализирањето на наставните содржини во предметна настава<br>- Оптовареност на учениците со неделниот фонд часови и со обемните содржини по наставните предмети<br>- Училиштето нема покренато иницијатива за изменување и дополнување на наставните планови и програми<br>-Недоволна примена од страна на некои наставници на посовремени методи и форми во наставата: групна настава, истражувачка настава, практични часови, проблемска настава, настава согласно стиловите на учење на учениците и сл. |
| **Предлог на мерки за подобрување на квалитетот на наставата:**<br>1. Вклучување на учениците при изработката на програмите за работа.<br>2. Изработка на дел од планирањата за настава како интегрирани програми од повеќе области/предмети во предметна настава.<br>3. Прилагодување на наставните содржини согласно индивидуалните способности на учениците во насока на делумно растоварување на учениците.<br>4. Покренување иницијатива за изменување и дополнување на наставните планови и програми<br>5. Унапредување на следењето на наставата и учењето во училиштето |

**Самоевалуација на училиштето: ООУ „Вук Караџиќ“ –Куманово** **Подрачје 2: Постигања на учениците**

Оддели во рамките на подрачјето:
2.1 . Постигања на учениците
2.2 . Задржување/осипување на учениците
2.3 . Повторување на учениците

Тим: Драгана Поповиќ Ивановска, Јасна Стојановска, Весна Цветковиќ, Тања Величковска

**Подрачје2: Постигања на учениците**2.1 Постигања на учениците

| Теми: | Констатации, собраниподатоци: | Извори на податоци |
|---|---|---|
| Следење на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност (и јазикот на наставата) според наставни предмети и според квалификациони периоди | - Наставата во училиштето се изведува на македонски наставен Јазик. Настава се реализира според наставниот план.<br>- Училиштето располага со комплетни податоци за постигањата на учениците од различен пол и етничка припадност, по наставни предмети, паралелки, низ квалификациони периоди во секоја учебна година. Поединечните постигања на ученици се следат од една во друга учебна година и податоците се користат за понатамошните анализи по одделенија, по пол, по предмети за стручната служба, активите и наставничкиот совет, за подобрување на успехот. Во текот на учебната година, бидејки дневник на паралелка повеќе не се користи, податоците за постигањата на учениците уредно се внесени во евидентните листови на учениците, полугодишните и годишните извештаи, е-дневник и главна книга. | Анализи на успех по класификациони периоди Полугодишни и Годишни извештаи за учебни години<br>Записниците од стручните органи на училиштето, Училишен одбор, Совет на родители;<br>-извештаи од стручната служба;<br>-резултатите од интегрална евалуација.<br>-анализите на успехот; анкети/интервјуа со наставниците, родителите и учениците;<br>-досиеја на учениците,<br>дневници, евидентни листи |
| Подобрување на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност (и јазикот на наставата) | Во текот на учебната година, податоците за постигањата на учениците уредно се внесени во Евидентните листови на учениците, полугодишните и годишните извештаи. Училиштето располага и со споредбена анализа на успехот во сите учебни години, и се предлагаат мерки за подобрување на состојбите. За постигањата на учениците се дискутира на одделенски и наставнички совети, како и на ниво на активи, а од спроведените анкети се констатира дека за поголеми постигнувања на учениците најголемо влијание имаат | Училишни програми и извештаи;<br>-самоевалуација;<br>-записници од стручните органи на училиштето,<br>-Училишен одбор,<br>-Совет на родители;<br>-извештаи од стручната служба;<br>-споредбени прегледи на резултатите од оценувањето (државни, регионални, училишни |

| | | |
|---|---|---|
| | наставниците. | натпревари);<br>-анализи на успех;<br>-анкети/интервјуа со наставници, родители и ученици<br>План за подобрување на успех |
| Идентификација на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби | Во училиштето постои процедура на систем за идентификација на ученици со тешкотии во учењето и надарени ученици.<br>Идентификување на ученици со тешкотии во учењето и надарени ученици се врши преку набљудување и оценување од страна на предметните наставници, потоа преку разговори со одделенските раководители, стручната служба и родителите. | Годишни програми на училиште<br>Анекси на годишни програми: програма за ученици со посебни потреби<br>Програма за талентирани ученици |
| Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава | Дополнителната настава значително го подобрува успехот на учениците. Дополнителна и додатна настава во училиштето се планира и се реализира. Но, за нивна реализација постојат неколку потешкотии, а тоа најчесто се двосменското работење на училиштето, голем број на часови во тек на седмица. Посебно треба да се нагласат добрите постигања на учениците од ова училиште на натпревари, како резултат на залагањата на наставниците и работењето на учениците.<br>Учениците учествуваат и освојуваат награди на голем број регионални и државни натпревари, по повеќе наставни предмети и активно се вклучени во голем број воннаставни активности. | Програма за дополнителна настава<br>Тематски и дневни планирања на наставниците<br>Програма за додатна настава<br>Распоред за додатна и дополнителна настава<br>Евиденција во одделенски книги/е-дневник<br>Анализи на класификациони периоди<br>Записници од Совети на наставници |
| Следење на постигањата на редовните и вонредните ученици при премин од еден во друг циклус и од едно до друго ниво на образование | Постои уредно следење на постигањата на учениците од еден во друг циклус и се превземаат активности за надминување на разликите што се јавуваат при таквите ситуации.<br>Во училиштето постои уредна евиденција за преминот на Учениците од едно водруго ниво на образование. | Известувања од средни училишта<br>Записници од состаноци на стручни органи<br>Донесени одлуки за полагање на наставна година на нередовни ученици<br>Изјави од родители за престој во странство |
| Следење на хоризонтално и вертикално | Во училиштето е овозможено слободно хоризонтално и вертикално движење на учениците-од одделение во одделение по желба на ученик/родител ако има добри аргументи за преместувањето. | Закон за основно образование |

| | | |
|---|---|---|
| движење на учениците | Вертикалното движење е според стандардите предвидени за соодветна возраст. До сега немало случај за движење на ученик од понизок во повисок клас. Минатата учебна година немаше хоризонтално движење на ученици од една паралелка во друга , додека во тековната 2021/22 има хоризонтален премин на еден ученик од една во друга паралелка. | |
| Еднаква вклученост на учениците (од различен пол, етничка припадност, наставен јазик, посебни образовни потреби) во постигањата при реализација на еколошката програма | Во реализација на еколошката програма се вклучени сите ученици од 1-9 одделение без разлика на пол и етничка припадност. | Програма за екологија<br>Извештаи од реализирани акции |

**Подрачје2: Постигања на учениците**

2.2 . Задржување/осипување на ученици

| Теми: | **Констатации, собраниподатоци:** | **Изворинаподатоци** |
|---|---|---|
| Опфат на учениците | Училиштето има систем за добивање на податоците за опфат на учениците од реонот. Секоја учебна година децата кои согласно Законот треба да се запишат во прво одделение во училиштето целосно се опфатени. Најголемиот број се запишуваат во мај согласно законот, а мал број подоцна – ако има повратници од странство или новодоселени. За учебна 2021/2022 година уписите на ученици за прво одделение беа реализирани во месец јуни поради вонредната состојба во државата а за 2022/23 уписите се реализираа во мај.<br>Во овој дел училиштето се судира со проблем на големо иселување на семејствата од македонска националност од овој дел на градот а дел и од непочитување на реонизацијата од родителите и соседните училишта која во последните години е регулирана така што родителите мора да добијат согласност за запишување во друго училиште доколку детето е на списокот на реонски обврзници на нашето училиште и да достави доказ доколку е | Списоци на ученици<br>Списоци од МВР<br>Правилник за упис на ученици |

| | | |
|---|---|---|
| | преселено. Меѓутоа и оваа обврска родителите поретко ја почитуваат и наоѓаат начини да ги запишат децата во други училишта. | |
| Редовност во наставата | Редовноста на учениците систематски се следи во училиштето од страна на одделенските раководители, стручната служба, предметните наставници. Најмногубројно изостанување се забележува во деветто одделение и во други одделенија од ученици поединци. Одделенските раководители во соработка со стручната служба на училиштето редовно имаат советодавни средби со родителите со цел нивно информирање, изрекување на педагошки мерки на учениците и преземање на соодветни чекори за подобрување на редовноста. За ова училиштето има пишана процедура, а кај стручната служба постои уредна евиденција и документација, во пишана и во електронска форма. Во училиштето има интерен Правилник за изрекување на педагошки мерки. Согласно законот, психологот на училиште редовно одржува советување на родителите за ученици со поголем број на изостаноци. | -дневници<br>-записници од родителски средби<br>-Правилник за изрекување на педагошки мерки на учениците<br>Записници на стручна служба од одржани советувања<br>-покани за родители<br>-Записници од Совет на родители |
| Осипување на учениците | Во училиштето се следи осипувањето на учениците од страна на стручната служба и според нивна анализа најчеста причина за осипувањето е преселување на друго место за живеење и заминување во странство, низок социоекономски статус на семејството и работа на семејството во друго место. Еден ученик е осипан од минатата учебна година | Записници на стручната Служба и евидентна листа на ученици кои се преселиле или дошле од друго училиште |
| Премин на ученици од едно училиште во друго | Училиштето ја почитува постапката за премин на ученици од едно училиште во друго. При преминот во друго училиште ги доставува значајните информации за образовниот развој на ученикот, а приприем на ученик од друго училиште ги бара истите информации и ги зема предвид при понатамошната образовна работа со ученикот.<br>Задржувањето на учениците е добро и ако се јавува намалување на бројот на учениците заради пад на наталитетот, миграција на населението во други делови на градот и надвор од државата. | Педагошка евиденција и Документација<br>Евиденција на преведници<br>Согласности за прием на ученикот |

**Подрачје2: Постигања на учениците**2.3. Повторување на учениците

| Теми: | **Констатации, собраниподатоци:** | **Изворинаподатоци** |
|---|---|---|
| Ученици кои не ја завршуваат годината | Во минатата учебна година2020/21 една ученичка од шесто одделение ја повторуваше годината, еден ученик е осипан. | Педагошка евиденција и документација<br>Записници од Наставнички совети<br>Анализа на успех за крај на учебна год<br>Годишен извештај на училиштето |

| **Резултати:** |
|---|
| ***Јаки страни:***<br>-Со учениците кои поспоро напредуваат секој наставник прилагодува дел од наставната програма за определен час кога има потреба и работи индивидуално со тој ученик/ци. Педагогот дава стручна помош со совети и консултации со наставниците за начинот на работа со овие ученици, а психологот повремено работи и ги следи овие ученици.<br>-Постигнувањата на учениците во рамките на училиштето се следат и соодветно се вреднуваат. При појава на негативен тренд во рамките на постигањата се превземаат активности истиот да биде спречен.<br>- Родителите се редовно информирани за постигањата на учениците<br>- Создадена е стимулативна средина во која учениците сакаат да учат и напредуваат<br>- Наставниците секојдневно водат евиденција за редовноста, поведението и постигнувањата на учениците.<br>- Евиденцијата за постигнувањата на учениците им е достапна на сите наставници, на учениците и на нивните родители.<br>- Редовноста е на солидно ниво но ја ремети мала група ученици<br>- Родителите навремено се известуваат за проблеми на нивните деца во настава или напредување и слаб успех.<br>- Постигнувањата на учениците и училиштето соодветно се вреднуваат<br>- Транспарентност при оценување на учениците и соопштување на оценките на учениците и родителите<br>- Постои политика за оценување на учениците на ниво на училиште со која се запознаени и учениците и родителите |
| ***Слабистрани:***<br>- Недоволна иницијатива на наставници за прилагодување и измена на наставни програми<br>- Потребите на учениците иако се препознаваат и идентификуваат, недоволно се развиваат во текот на школувањето<br>- Ретко се прави рефлексија на часови |
| **Предлог на мерки за подобрување на постигања на учениците:**<br>1.Да се обрне внимание на прилагодување на наставните планови и програми за учениците со посебни потреби<br>2.Да се прават подготовки/планирања за вонраставни активности и да се приложат со наставните планови и програми<br>3. Наставните програми да се стават на увид на родителите и учениците на Веб страната на училиштето<br>4. Да се подобри опременоста на кабинетите со надгледни средства и помагала.<br>5.Поголема соработка помеѓу родителите и наставниот кадар. |

**Самоевалуација на училиштето: ООУ „Вук Караџиќ“– Куманово**

**Подрачје 3: *Наставата и учењето***

Оддели во рамките на подрачјето: Наставата и учењето
3.1 Планирања на наставници
3.2 Наставен процес
3.3 Искуства на учениците од учењето
3.4 Задоволување на потребите на учениците
3.5 Оценување како дел од наставата
3.6 Известување за напредокот на учениците

Тим: Марија Величковска, Фросина Ефремовска, Џулијана Илиевска, Милева Илиевска

**3.1. Планирања на наставниците**

| Теми: | Констатации, собрани податоци: | Извори на податоци |
|---|---|---|
| Поддршка и следење на планирањата на наставниците | Во училиштето постои систем на следење на планирањата на наставниците од страна на стручната служба и директорот. Сите наставници се должни во стручна служба да предадат годишни планирања на почетокот на учебната година најдоцна до 10ти септември. На почетокот на секој месец се должни да предадат месечни или тематски процесни планирања, за што се води евиденција од стручна служба. Секој наставник е должен да изготви дневно планирање за работа. Повремено директорот на училиште ги бара од наставниците дневните планирања на увид и им сугерира на пропусти и недостатоци особено на почетници, а со приправници е должен менторот да помага и го следи изготвувањето и квалитетот на планирања. | Инструменти за следење и евиденција на планирања на наставници |
| Индивидуални планирања на наставниците | Наставниците на почетокот на септември имаат изготвено годишни планирања за редовна настава, додатна и дополнителна настава, како и планирања за ИКТ и домашни задачи, и месечни или тематски процесни планирања. Сите наставници изготвуваат дневни планирања за реализација на часовите во кои планираат форми и методи на работа, ИКТ, МИО или ЕКО содржина, домашни задачи, според потребите на наставната содржина и учениците, наставни средства кои ќе ги користат и ефектите кои сакаат да ги постигнат. | Инструмент за следење и евиденција на дневни планирања на наставници |
| Размена на искуства и информации при планирањето | Наставниците од одделенска настава редовно разменуваат искуства и информации при планирањата на стручни активи и на индивидуални состаноци, преку интернет со колеги од други училишта; додека кај наставници од предметна настава тој момент на тимска работа и размена на информации е најчесто при одржување на стручните активи и преку интернет кај помал број наставници. | Записници од стручни активи |
| Распоред на часови | Во училиштето постои распоред на часови и за предметна и за одделенска настава кој редовно се изработува на почетокот на учебната година и се истакнува во наставничка канцеларија до 15 септември, им се соопштува на учениците на одделенски час, се истакнува на огласна табла и секоја промена благовремено се најавува. | Распоред на часови за предметна настава и за одделенска настава за сите форми на настава: редовна, дополнителна и додатна, слободни активности |

| | | |
|---|---|---|
| Вклучување на еколошките содржини во планирањата на наставниците согласно еколошката програма | Во планирањата на наставниците се вклучени еколошки содржини според годишниот план на имплементација на еколошка едукација во образовниот систем на училиштето со конкретни содржини за секој наставен предмет. | Еколошка програма на училиште<br><br>Планирања на наставници |
| Вклучување на содржини од Меѓуетничка интеграција во образо Меѓуетничка интеграција во образованието ванието во планрама | Во планирањата на наставниците исто така се вклучени и содржини за имплементација на програмскиот проект Меѓуетничка интеграција во образованието со конкретни содржини прилагодени на наставните содржини или работилници од образование за животни вештини означени како МИО активности. | Планирања на наставници |

**Подрачје 3:** ***Наставата и учењето***

3.2. Наставен процес

| Теми: | **Констатации, собрани податоци:** | **Извори на податоци** |
|---|---|---|
| Наставни форми и методи | Повеќето наставници имаат стекнато искуство во обуки на ПЕП проект за унапредување на наставата и користење на современи наставни форми и методи на 21 век | Евиденција на семинари<br>Сертификати на наставници<br>Методологија на сертификација<br>Евиденција од посетени часови |
| Употреба на ИКТ во наставата | Повеќето наставници, посетувале обуки за користење на ИКТ во настава и најголемиот број од нив редовно планираат и реализираат часови со користење на ИКТ истражување на интернет, презентација на наставната содржина преку проектори и смарт табли и користење на некој едукативен софтвер. | Евиденција на дневни планирања во делот користење на ИКТ во настава<br>Евиденција од посетени часови од стручна служба и директор |
| Избор на задачи, активности и ресурси | Кај најголем број на наставници во дневните планирања и во реализација на часовите постои избор на задачи, активности и ресурси според потребите на наставната содржина, потребите на учениците во склад со можностите на училиштето. Кај одреден број наставници планирањата се стереотипни и некреативни. | Преглед на дневни планирања<br><br>Евиденција од посетени часови |

| | | |
|---|---|---|
| Следење на наставниот процес | Наставниот процес се одвива според определена динамика во склад со календарот на учебна година. На секој класификационен период се нотира реализацијата, евентуални одстапувања или потреба од интервенција. | Извештаи од класификациони периоди |

**Подрачје 3:** ***Наставата и учењето***

**3.3. Искуства на учениците од учењето**

| Теми: | Констатации, собрани податоци: | Извори на податоци |
|---|---|---|
| Средина за учење | Имајќи ги предвид социоекономската средина и финансиско-материјалната состојба на училиштето, средината за учење во училиштето делумно задоволува. Има доволен број на училници организирани во кабинети, опремени со релативно нови клупи и столови за секое дете, наставни и нагледни средства за работа, компјутери и стабилна интернет мрежа од кои повеќето се веќе застарени  и надвор од функција, дел се репарирани. Благодарение на тоа наставниците непречено ги изведуваат наставните содржини поврзани со примена на ИКТ и он лајн настава во услови на пандемија. Сите потешкотии во тек на работата се надминуваат. Наставниците од одделенска настава користат лап топ компјутери за секое дете, а сите останати користат проектори и лап топ компјутери. Од оваа учебна година училиштето располага со три смарт табли наменети за настава по новата концепција за ученици од прво и четврто одделение. Исто така, пристапноста на училиштето за лицата со хедикеп е зголемена со изградаба на пристапна рампа на влезот на училиштето, тоалет за лица со хендикеп на приземеје и набавка на гасеничар елеватор.<br>Хигиената во учлниците, ходниците и школскиот двор е на добро ниво во која што сите ние заедно вложуваме и ја поттикнуваме совеста на сите вклучени субјекти во училиштето за улогата на здравата и чиста средина за работа.<br>Трудовите од учениците по сите наставни предмети кои исто така се дел од изгледот на една добра средина за работа се изложуваат во учлниците и кабинетите, но исто така и во училишната зграда и холовите за што има доволно простор. Истите се менуват согласно | Sидни весници и постери од ученички изработки, домашни задачи, проектни активности<br>- Одделенски дневници –е-дневник наставни содржини со примена на ИКТ и изработка на проекти), но и компјутерите каде се гледа примената на планираните наставни содржини по папкиза секој наставен предмет;<br>-реализација на он лине настава |

| | | |
|---|---|---|
| | темите кои се работат по предметите. (од увид во училниците и холот).<br>Постигнувањата се промовираат на патрон празник и по класификациони периоди, на крајот од годината учениците се наградуваат, а за истото не постои родова, социјална или етничка поделба.<br>Училишната библиотека има свое значење во образовно воспитниот процес како место на реализација на повеќе вонанставни активности, проекти, манифестации,поддршка на ученици во совладување на наставен материјал. | |
| **Атмосфера за учење** | Поголемиот број наставници создаваат пријатна и релаксирана атмосфера за учење на часовите, применувајќи стратегии со кои ги вклучува сите ученици да учествуваат во работата. Наставниците применуваат современи наставни форми и методи на работа за да учењето претставува една состојба во која ученикот ќе учи за знаење и примена на наученото а не за оценка. За жал може да се констатира дека многу од учениците и покрај трудот од наставниците сеуште се мотивирани од оценката. Поголемиот број наставници се мотивирани и посветени и бараат креативни начини да ги мотивираат учениците за повисоки постигнувања.<br>Родителските средби се користат за разгледување на постигањата на целата паралелка, а резултатите се соопштуваат индивидуално на родителот преку евидентни листови кои родителите од оваа учебна година ги добиваат на увид електронски. (од записниците на родителските средби поголема интеракција, соработка и помош за извршување на секојдневните активности и потреби за еден непречен и добар наставен процес). | Извештаи од Наставнички совет<br>Записници од родителски состаноци<br>Записници од состаноци на Совет на родители |
| **Поттикнување на учениците за преземање одговорност**<br><br>**Поттикнување на учениците за преземање одговорност во реализацијата на еколошките проекти и** | На учениците им се задаваат различни одговорности: дежурство, претседател, заменик и секретар на одделенската заедница, правобранител, учество во Заедницата на ученици на ниво на училиште, членови во еко одбор на училиште, членови на еко патроли според еко стандарди, членови на тим за безбедност, училишен сообраќаен тим<br>- Во одделенската заедница и Заедницата на ученици, учениците имаат можност да го кажат своето мислење за некои проблеми во училиштето и истите да се пренесат до надлежните. (од записниците на Заедницата на ученици).<br>- Некои од наставниците кои сметаат дека треба да назначат ученик за проверка на домашните задачи на учениците задолжуваат ученици и му даваат таква одговорност, кои потоа на наставникот му реферираат за | Ѕидни постери кои лобираат за хигиената во дворот и училишната зграда преку интегрирани еко-содржини во наставните планирања.<br>Извештаи од реализирани акции<br>Програма на еко проект<br>Состаноци на еко одбор<br>записниците на заедницата на ученици |

| | | |
|---|---|---|
| **точки на акции од воспоставените еко-стандарди** | редовноста на исполнување на домашните задачи кај учениците во одделението. | |

**Подрачје 3:** ***Наставата и учењето***

**3.4. Задоволување на потребите на учениците**

| Теми: | Констатации, собрани податоци: | Извори на податоци |
|---|---|---|
| **Идентификување на образовните потреби на учениците** | Во училиштето постои процедура за идентификување на потребите на учениците и потешкотии во учењето кај секој ученик .<br>Училиштето има план за поддршка на учениците со потешкотии во учењето и истиот се спроведува.<br>Наставниците од одделенска настава кои работат со ученици со посебни образовни потреби работат со нив индивидуализирано и реализираат поинакви содржини кои дневно ги планираат.<br>Дел од наставниците изготвуваат задачи и активности по тежински нивоа согласно различните потреби на учениците.<br>Со надарените ученици се работи на СУА и на додатната настава но најчесто пред одржување на натпревари, а истата се организира по сите наставни предмети по избор на учениците кои го прават на почетокот од учебната година преку анкетни ливчиња<br>Во слободните ученички активности учество земаат сите ученици без разлика на пол и индивидуални способности. На тој начин учениците се мотивирани активно да учествуваат. Резултатите што ги постигнуваат се истакнуваат на веб и facebook страната на училиштето а учениците соодветно се пофалуваат и наградуваат за истите**.** | План за поддршка на учениците со потешкотии во учењето<br>- Работни материјали подготвени од стручна служба<br>**-** Тестови на знаење<br>- Планирање од додатната настава и СУА<br>Евиденција за реализирање на СУА на секој наставник поединечно<br>- Одделенски дневници (реализација на додатна,дополнителна и СУА) |
| Почитување на различните потреби на учениците во наставата | Поголем број од наставниците во процесот на поучување користат различни интерактивни техники, често се користи групната работа и работата во парови. Исто така се користат и разновидни техники на формативно оценување и следење (самооценување, меѓусебно оценување, нумерички скали, чек листи, анегдотски белешки, пишана повратна информација и сл.) | -Извештаи од следени часови<br>- Наставнички портфолија |

| | | |
|---|---|---|
| Обезбедување и одржување на здрава и чиста животна средина за работа и учење | Во училиштето се води сметка за одржување на здрава и чиста животна средина преку секојдневно одржување на хигиената во работниот простор, набавка на дезинфекциони еколошки средства, редовна дезинфекција, дезинсекција и дератизација (2 до 3 пати годишно) реализирана од ХЕС, следење на препораките од МОН и Министерство за здравство за заштита од епидемии,и реализиање на акции во рамките на еко проктот по еко стандарди 3 и 4-Ден на екологија | Работа на еко тим за здрава животна средина<br>Програма Грижа за здравје |

**Подрачје 3:** ***Наставата и учењето***

**3.5. Оценување како дел од наставата**

| Теми: | **Констатации, собрани податоци:** | **Извори на податоци** |
|---|---|---|
| Училишна политика за оценување | Училиштето има свој правилник за оценување на учениците, има изработено општи критериуми за оценување на учениците, како и критериуми за оценување на учениците со потешкотии во учењето ИОП.<br>- Исто така има усвоено етички кодекс на оценување поддржан од сите субјекти во училиштето (ученици, родители, стручна служба, директор и наставници).<br>- Најголемиот број од наставниците имаат изработено свои усогласени критериуми за оценување на учениците по соодветниот предмет, со кои ги запознава родителите и учениците на почетокот на учебната година. | -Правилник за оценување на учениците<br>- Општи критериуми за оценување на учениците<br>- Критериуми за оценување на учениците со потешкотии во учењето-ИОП<br>- Етички кодекс на оценување |
| Методи и форми на оценување | Поголем број наставници користат и разновидни техники на формативно оценување и следење на учениците (самооценување, меѓусебно оценување, нумерички скали, чек листи, анегдотски белешки и сл.), а резултатите од следењето ги користат за подобрување на постигањата.<br>- Оценувањето и следењето е континуирано и на секој час и некои наставници имаат сопствен систем на следење на напредокот на учениците. | - Портфолија на учениците<br>- Одделенски дневници<br>- Записници од увиди на ДПИ, БРО, стручна служба и директор<br>- Записници од родителски средби<br>-Наставнички портфолија |
| Користење на информациите од оценувањето во наставата | Најголем број од наставниците редовно им даваат повратниинформации на учениците за нивната работа, оценката е јавна и се соопштува по нејзиното запишување и за истата се дискутира со учениците.<br>- Информациите добиени од следењето и оценувањето на учениците се користат за планирање на дополнителните часови. | Список на ученици упатени на дополнителна настава<br>- Одделенски дневници<br>- Досиеа од ученици<br>- Наставнички портфолија |

**Подрачје 3:** ***Наставата и учењето***

### 3.6. Известување за напредокот на учениците

| Теми: | Констатации, собрани податоци: | Извори на податоци |
|---|---|---|
| Известување на родителите за напредокот на учениците | Родителите за успехот на учениците се известуваат најмалку 4 пати во текот на учебната година, но тука се и индивидуалните средби со родителите за таа цел.<br>Родителите добиваат електронски увид за успехот преку евидентните листови во кои се запишани постигањата на ученикот по сите предмети, за личниот развој на ученикот и за поведението и однесувањето на ученикот.<br>Сите наставници редовно го водат електронскиот дневник и ги внесуваат сите податоци. Поголем број родители веќе серегистрирани и добиваат електронски известувања за успехот на децата.<br>И учениците за својот напредок постојано добиваат усни и писмени информации. Ниедна оценка не е тајна.<br>Секој родител има можност во определен термин да разговара со било кој наставник во училиштето.<br>На родителите им се даваат реални информации за напредокот на учениците по класификациони периоди и тоа преку индивидуални средби и заеднички родителски средби и преку писмени достави.<br>Исто така успехот на учениците се следи и преку известувањата за негативните оцени по секое тромесечие, евидентни листови и свидетелства**.** | - Одделенски дневници<br>- Записници за одржани родителски состаноци<br>- Известувања до родителите<br>- Извештај за постигнатиот успех<br>- Огласна табла –<br>-Приемни денови на наставниците<br>- Родителски средби<br>- Индивидуални средби<br>- Евидентни листи<br>- Електронски дневник<br>-Списоци од описни оценки по предмети кои во одделенска настава ги предаваат предметни наставници |

| **Резултати:** |
|---|
| ***Јаки страни:***<br>- Училиштето има соодветен наставен кадар за реализирање на воспитно-образовниот процес и наставниот кадар е во согласност со нормативите.<br>- Стручната служба во училиштето им помага на наставниците во организацијата на наставата, во следењето на напредокот на учениците, во справувањето со проблемите на индивидуално и групно ниво и/или во давањето советодавна помош на учениците и родители ***.*** |
| ***Слаби страни:***<br>- Размена на искуства преку примери на добра пракса  со отворени нагледни часови<br>- Обука на наставници за работа со деца со посебни потреби<br>- Вработување на дефектолог |

| |
|---|
| - Наставниците имаат познавање на процесите на учење и развој на децата, но не и за задоволување на различни нивни специфични потреби, за што е потребно дополнителни системски обуки или ангажирање на специфичен кадар.<br>- Потребни се обуки за новопримениот наставен кадар |
| ***Предлог на мерки за подобрување на квалитетот на наставата***<br><br>-Стручно усовршување на наставниот кадар во насока на начините на задоволување на специфичните потреби кај учениците.<br>- Барање за ангажирање на дефектолог.<br>-Наставниците, особено оние кои имаат познавање на англискиот јазик, да се информираат и да се инволвираат во меѓународни проекти каде придобивките и можностите за патувања во странство се огромни.<br>-Воведување на практика за редовно состанување на наставниците за размена на искуства, добри практики и  други стручни прашања |

**Самоевалуација на училиштето: ООУ „Вук Караџиќ“ –Куманово**

**Подрачје 4: Поддршка на учениците**

| |
|---|
| Оддели во рамките на подрачјето:<br>4.1 Севкупна грижа за учениците<br>4.2 Здравје<br>4.3 Советодавна помош<br>4.4 Следење на напредокот<br><br>Тим: Розита Ѓорѓевиќ, Лила Андоновска, Славица Јакуповска, Зорица Китановска |

**4.1. Севкупна грижа за учениците**

| Теми: | **Констатации, собрани податоци:** | **Извори на податоци** |
|---|---|---|
| Заштита од физички повреди и елементарни непогоди | - Училиштето користи разновидни форми и методи за грижа и заштита на учениците.<br>- Училишната инфрасктруктура е безбедна и не претставува потенцијална опасност од повреди на учениците.<br>- Пропишаните мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда се реализираат според планираното | Процедури<br>План за заштита и спасување во изработка<br>Програма за кризна интервенција<br>Правилник за видео надзор<br>Потврда за посетена обука |

| | | |
|---|---|---|
| | -За обезбедување на безбедност на учениците, за време на наставата која се изведува во две смени има дежурни наставници кои водат грижа за да не настанат проблеми за време на одморите во училиштето и училишниот двор.<br>-За дополнителна заштита на учениците и навремено алармирање на одредени ситуации, училиштето е под видео надзор (влез, хол, ходници).<br>- Во училиштето постои обучен кадар за давање на прва помош на учениците а исто така сите вработени имаа теориска и практична обука за постапување во случај на пожар.<br>-Училиштето има верификуван елаборат за подготвување и изведување на вежба за евакуација и спасување од елементарни непогоди и според истиот беше извршена симулација. | Елаборат за подготвување и изведување на вежба за евакуација |
| Превенција од насилство | Училиштето има изготвено училишна политика и обучен тим на наставници од проектот за превенција од насилно однесување во учили.<br>- Согласно правилникот за изрекување на педагошки мерки во училиштето се санкционира секаков вид на насилство.<br>- Училиштето има пишани процедури за регистрирање и отстранување на појава на негативно дејствување<br>-Советодавна работа со учениците кои манифестираат различни облици на неприлагодено однесување,организира и реализира психологот според својата годишна програма. За постоењето и помошта од психолошка служба учениците се информираат уште во почетокот на учебната година од одделенскиот раководител на одделенскиот час и родителите на родителска средба. За решавање на различни проблеми кај децата, психологот разговара и со родителите на децата кои покажуваат облици на неприлагодено однесување.<br>-Училиштето активно учествува во проектот „Безбедно училиште“,каде што се вклучени и дел од учениците кои на месечно ниво пријавуваат доколку во нивното одделение забележат несоодветно однесување помеѓу учениците или на релација,наставник-ученик, како и доколку забележат конзумирање на алкохол,цигари,дрога од страна на своите соученици. | Училишна политика на ненасилство<br>Правилник за изрекување педагошки мерки и наградување на ученици<br>Проект „Безбедни училишта“<br>Месечни извештаи на ниво на одделение за безбедност.<br>Записници од Советување на родители |
| Заштита од пушење, алкохол и дрога | Со куќниот ред на училиштето се забранува пушење, консумирање алкохол и дрога во училиштето и училишниот двор. За штетноста на овие пороци стручната служба изработи летоци кои беа поделени во погорните одделенија , а во рамки на проектот „Безбедно училиште“ имаа работилница за штетното влијание на пушењето, алкохолот и дрогата од страна на СВР Куманово. | Програма за подрачјето Грижа за здравје<br>Програма на психолог<br>Програма на животни вештини<br>Еко –проект<br>Извештаи од реализирани |

| | | |
|---|---|---|
| | Психолошка служба организира работилници со ученици а и преку програмата за животни вештини на класни часови се поттикннува свесноста кај учениците за штетноста на овие супстанци. Меѓутоа пораката до учениците станува конфузна заради однесувањето на наставниците пушачи кои на одморите пушат пред вратата на училиштето каде поминуваат учениците. Согласно законот пушачите би требало да бидат оддалечени од објектот околу 100 м и овој проблем треба да се реши. Инаку на вратата и внатре во објектот постојат ознаки за забрането пушење.<br>Се забележува тенденција кај поедини ученици од погорните одделенија да пројават желба да пушат и пијат алкохол, кон нив се превземаат соодветни мерки.<br>- Училиштето реализира активности за стекнување и проширување на знаењата и образованието за половите и меѓучовековите односи, превенција и заштита од пороци. | работилници<br>Годишен извештај за имплементација на програмскиот проект „Безбедни училишта“<br>Извештај од реализирана анкета за родители |
| Квалитет на достапна храна | Исхрана за учениците не се организира бидејќи од анкетата за родители и ученици според која се испитуваат нивните желби и можности нема интерес за организирана исхрана. Учениците се снабдуваат со грицки кои што покрај тоа што се нездрави, училиштето нема увид во нивниот квалитет. Да се побара потврда за квалитет. Тука блиску се и киосци на пазарот каде што учениците купуваат кифли и често доцнат на часовите по голем одмор. Во изминатата учебна година според протоколот за однесување на ученици во услови на пандемија беше забрането излегување и купување, учениците носеа храна од дома.<br>За значењето на здрава исхрана за здравјето во соработка со ЈЗУ училиштето организираа предавање за учениците во одделенска настава, флаери и друг материјал, активности од еко проектот и програма за животни вештини. | Записници од Совет на родители<br>Резултати од спроведена анкета за родители<br>Извештаи од реализирани активности од проекти<br>Планирања на програма за животни вештини<br>Извештаи од реализирани активности од ОЖВ |
| Поддршка на учениците со телесни пречки во развојот | Пристапот до училиштето е прилагоден на потребите на учениците со пречки во развој. Во училиштето има ученици од таа категорија и поради тоа на влезот има направена рампа. Внатрешните скали во училиштето не се прилагодени за потребите на оваа категорија на ученици, па поради тоа наставата во одделението што го посетуваат се изведува само на првиот кат за овие ученици. А исто така училиштето располага со лифт кар за овие ученици кој училиштето го доби од Швајцарска амбасада.Оваа учебна година беше изграден тоалет за ученици со посебни потреби. | Барање до МОН за реновирање<br>Извештај од прашалник за родители |

| | | |
|---|---|---|
| Грижа за учениците од социјално загрозени семејства | Во училиштето има голем процент на ученици од социјално загрозени семејства. Во учебна 2021/2022 година имаше 9 ученици или 9,27 % ученици кои примаат социјална помош. Во училиштето се организираат собирни акции на книги, облека и ученички прибор, им се партиципира трошокот за вонанставни активности на оваа категорија на ученици а при тоа училиштето соработува со локалната заедница и бизнис секторот и со родителите. За овие ученици беа обезбедени и компјутери за да можат да следат on-line настава дел преку општината и голем дел преку проектот „Донирај компјутер“ | Барања до одредени ЈП<br>Тендерска документација за прибираење понуди за екскурзии и организирана исхрана во однос на барања за гратис за екскурзија или кифла |

**Подрачје 4: Поддршка на учениците**

**4.2 Здравје**

| Теми: | **Констатации, собрани податоци:** | **Извори на податоци** |
|---|---|---|
| Хигиена и заштита од болести<br>Спроведување на точките на акција кои се однесуваат на здравјето согласно воспоставените еко-стандарди | Хигиена во училиштето е на задоволително ниво.Тоалетите за наставниците и учениците се чистат и дезинфицираат еднаш во текот на денот.Ходниците се бришат по секој одмор, пред и по секоја смена. Училниците се чистат по и пред секоја смена, подовите и клупите се дезинфицираат почесто согласно со протоколите за одржување на хигиена во услови на пандемија од Ковид 19 . Дворот во училиштето е делумно чист и ограден, меѓутоа често е блокиран од страна на ученици од соседно училиште или повозрасни ученици од албанска националност кои влезот го користат за седење и фрлаат отпадоци насекаде.<br>- Училиштето има програма за здравствена заштита која е дел од Годишната програма на училиштето, како и програма за заштита од заразни болести кои се спроведуваат од страна на вработените во училиштето, како и од доктори и други здравствени работници по пат на предавања, дебати и делење на флаери, како и во рамките на еко проектот на точките на акција кои се однесуваат на здравјето и во склад со еко календарот со одбележување на светски ден на задравјето пропишан од СЗО.<br>-Во училиштето изминатата учебна година беа изготвени посебни протоколи за хигиената во училиштето кои мораа да бидат запазени поради пандемијата од Ковид 19.<br>-Во текот на оваа учебна година извршена е дезинфекција ,дератизација | Интервју со хигиеничари<br>- Изработка на едукативни постери и паноа според планинранита активности за промоција на начинот за здрав живот на учениците и чиста еко-средина.<br>- Евиденција за соработка на училиштето со ЈЗУ<br>- Предавања од страна на здравствените работници од ЦЈЗУ<br>-Евиденција на систематски прегледи и вакцинација<br>Програма за здравствена заштита |

| | | |
|---|---|---|
| | и дезинсекција.<br>- Според програмата на учениците извршени им се систематски и стоматолошки прегледи и редовна вакцинација. | |
| Грижа за учениците со здравствени проблеми | - Училиштето има усвоена процедура за грижа за учениците кои поради некое акутно или хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава за кои се води уредна евиденција, во соработка со родителите и здравствените установи. Оваа учебна година имаше и ученици кои поради здравствени проблеми продолжија да следат on-line настава поради пандемијата од КОВИД19. | Евиденција на ученици со хронични заболувања, здравствени проблеми<br>Одделенски книги во делот на изостаноци<br>Процедура за оправдување на изостаноци од лекар и родител |

**Подрачје 4: Поддршка на учениците**

**4.3 Советодавна помош за понатамошно образование на учениците**

| Теми: | **Констатации, собрани податоци:** | **Извори на податоци** |
|---|---|---|
| Давање помош при избор на занимањето/институцијата за понатамошно образование, доусовршување или вработување | Во училиштето има програма за професионална ориентација на учениците. Согласно програмата, стручната служба во училиштето ги информира учениците за можностите за понатамошно школување.<br>- Учениците на посебни часови се запознаваат со можните професии и училишта, со конкурсот за запишување и можностите за запишување во средно училиште, се тестираат за нивните склоности кон одредена професија, се водат индивидуални разговори, групни разговори, разговори со родители, се овозможува посета на средни училишта и др.<br>- Училиштето ги информира учениците и родителите за помошта што можат да ја добијат од стручната служба во училиштето.<br>- Редовно се одржуваат работилници од страна на стручната служба со целосно согледување на ученичките интереси и способности, прашалник за учениците од IX одделение за откривање на нивни способности и според тоа за која професија би можеле да се одлучат.<br>- Учениците навремено се запознаваат со конкурсите за упис во средните училишта, се организира посета на ученици на саем за вработување, отворени денови кои ги организираа средните училишта од градот, и се овозможува презентација на средни училишта во училиштето.<br>- Информаците кои ги добиваат учениците се јасни, прецизни, релевантни и актуелни ( информации од средните училишта, информативен материјал-книги, брошури,флаери, ПП презентации<br>- Се обезбедува адекватна и стручна помош од страна на стручната служба и наставниците кои постојано го следат напредокот научениците и им помагаат доколку е потребно и на родителите и на учениците при вистинскиот избор на идната професија на децата.<br>- Учениците имаат прилика и поддршка од училиштето да учествуаат на отворените денови кои ги организираат средните училишта за нивниот избор на идната професија.<br>Оваа учебна година на учениците им беше организирана и обука за on-line уписи. | Програма за професионална ориентација<br>Програма на психолог<br>Програми за одделенски час на класни раководители<br>Програма на ученичка заедница<br>Евиденција на средни училишта кои го посетиле училиштето<br>Сертификати од учество на манифестации кои ги организираат средните училишта Техно сајанс-Техничко училиште, Јахја Кемал-Саем на наука и сл.<br>Пропаганден материјал-брошури, постери, понуди за стипендии и натпревари од приватни средни училишта |
| Грижа за учениците со емоционални потешкотии | За ученици кои се идентификувани како ученици кои имаат потешкотии во однесување, прилагодување во училишна средина или други | Програма за подрачје<br>Грижа за здравје |

| | | |
|---|---|---|
| | потешкотии кои се рефлектираат на нивно емоционално и ментално здравје се развиваат интервентни програми според потребите на секое дете поединечно. На овие програми се работи тимски- одделенскиот наставник, другите наставници, стручната служба, родителите и соодветни институции. Програмата трае се додека не се забележат позитивни ефекти кај детето. | Програма на стручна служба-психолог Интервентни планови за поддршка на деца со емоционални потешкотии |

**Подрачје 4: Поддршка на учениците**

**4.4 Следење на напредокот**

| Теми: | **Констатации, собрани податоци:** | **Извори на податоци** |
|---|---|---|
| **Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците** | Во училиштето редовно се следи напредокот на учениците, се води навремена, континуирана евиденција за успехот на учениците, нивната редовност и поведение.<br>- Одделенските раководители ја регистрираат оправданоста и неоправданоста на отсуствата на учениците, го следат нивното поведение и успех.<br>- Родителите се известуваат за успехот на нивните деца, поведението и изречените педагошки мерки.<br>- Од страна на стручната служба изготвени се тримесечни, полугодишни и годишни извештаи и анализи на успехот и поведението на учениците.<br>- Ваквата евиденција секогаш им е достапна на сите наставници податоци се прави анализа на истите од страна на стручната служба, наставниците и директорот при што произлегуваат заклучоци кои се во насока на подобрување на состојбата.<br>- Се изготвуваат соопштенија до учениците и известување за родителите за ученици кои имаат негативни оценки и за изречени педагошки мерки.<br>- При премин на ученик од училиштето во друго училиште и обратно, училиштето ја почитува постапката за премин на ученици од едно училиште во друго согласно законот за основно образование. Во училиштето постои евиденција на осипани или придојдени ученици.<br>- Евиденција за напредокот на учениците и нивното поведение се води уредно и од страна на наставниците и стручна служба.<br>- За нередовно посетување на настава, одделенските раководители и стручните соработници испраќаат писмени покани до родителите. | Анализа на успех и поведение<br>Педагошка евиденција и документација (описно и сумативно оценување)<br>- Главна книга (описно и сумативно оценување)<br>- Изработка на тестови на крајот на дадена тема или содржина, пишување есеи, водење интервјуа или анкети во служба на наставата.<br>Изречени педагошки мерки<br>Годишна програма за советување на родители<br>Документација за премин на ученици (согласности, преведници, доставници)<br>Записници од Советување со родители |

| | | |
|---|---|---|
| | Се вршат советодавни разговори и се организираат групно советување за родители на ученици со непримерно поведение , слаби оценки и голем број на изостаноци.<br>- Кога ученик преминува од едно во друго училиште се користи преведница. Преведниците се чуваат кај секретарот во училиштето, а промената се забележува во Главната книга и ЕМИС и е-дневник.<br>- Наставниците водат евиденција за индивидуалниот напредок на учениците, нивните постигања, редовност и поведение на секој ученик во ученички портфолија и свои системи на евиденција. | |
| **Анализа на напредокот на учениците по паралелки** | Наставниците подготвуваат редовни извештаи, по квартали, за својата паралелка врз основа на индивидуалните евиденции за учениците во кои се анализира успехот по паралелки, периоди на образование, деветгодишно, предмети и општ успех,пол и националност<br>- Подготвените извештаи по паралелки во excel документ, се доставуваат на стручната служба и директорот на училиштето, кои ги анализираат и истите се презентираат на родителските средби, Совет на наставници, Совет на родители, УО и на веб страната на училиштето. | Изработка на табели во Excel и<br>Power Point презентации |

| **Резултати:** |
|---|
| ***Јаки страни:***<br>-Еднаквост и правичност на сите ученици без разлика на полот, етничката припадност, социјалниот статус за учениците со различни способности и за учениците со посебни образовни потреби.<br>-Се дава поддршка и помош на ученици кои имаат проблеми и потешкотии при совладување на наставните содржини.<br>-Има изготвен оперативен план за заштита и спасување од пожари и елементарни непогоди чија верификација е во процедура<br>-Училиштето е обезбедено со видео надзор.<br>-Во училиштето постои обучен кадар (неколку наставници и стручна служба) за давање на прва помош на учениците а исто така сите вработени имаа теориска и практична обука за постапување во случај на пожар.<br>-Професионалната ориентација со учениците од IX одд. навремено се извршува, се разгледува и објаснува објавениот конкурс и се организираат презентации и конкурси за стипендии од средни училишта<br>-Во училиштето владеат добри меѓучовечки односи |
| ***Слаби страни:***<br>-Има ученици кои неколкупати заминуваат и се враќаат од Германија, за нив се бара писмена изјава на родител/старател.<br>-Нема соодветни услови за ученици со телесен инвалидитет иако за тоа има потреба.<br>-Недостатокот на материјални средства (како финансии за плаќање на патот на наставниците) повремено претставува „кочница“ во работата |

**Предлог на мерки за подобрување на квалитетот на наставата:**
1. Вклучување на дефектолог во работата на децата со посебни потреби и потешкотии во учењето
2.Подобрување на дежурствата за време на одморите
3. Веб страната на училиштето редовно да се одржува и обновува со најнови информации од училишните активности
4. Да се поттикнува улогата на ученичката заедница и да им се олеснува учеството во одлучувањата и спроведувањата на правата на учениците
5. Подобрување на средината за учење во училиштето

**Самоевалуација на училиштето: ООУ „Вук Караџиќ“ –Куманово**

**Подрачје 5: Училишна клима и култура**

**Оддели во рамките на подрачјето: Училишна клима и култура**
5.1 Училишна клима и односи во училиштето
5.2 Промовирање на постигањата
5.3 Еднаквост и правичност
5.4 Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница

Тим: Биљана Масевска,(МИО), Сања Антиќ и Јасмина Трајчевска (ЕКО), Оља Наковска

**Подрачје 5: Училишна клима и култура**

**5.1 Училишна клима и односи во училиште**

| Теми: | **Констатации, собрани податоци:** | **Извори на податоци** |
|---|---|---|
| Углед/имиџ на училиштето<br>Реализација на точките на акција од третиот и четвртиот еко-стандард и МИО | Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето, се грижат за неговиот имиџ и даваат свој придонес за угледот на училиштето.<br>Училиштето е препознатливо според високиот квалитет на работа и постигањата на учениците во различни области, како и според остварувањето на визијата и мисијата на училиштето.<br>Учениците и наставниците со организирање на еко акции на одржување и унапредување на училишната средина-училишните простории, холови, училишниот двор и влезот на училиштето во рамките на можностите ги чистат, оплеменуваат со цвеќиња и зимзелени садници и ги одржуваат и | Извештаи од реализирани акции<br>Фотографии<br>Куќен ред на училиштето<br>Еко програма<br>МИО програма |

| | | |
|---|---|---|
| | негуваат.<br>Ослободување од непотребни предмети во зградата-скршени клупи, саксии, табли, постери, хартија и организирање на акции за собирање на хартија и пластични шишиња, истакнување на упатства за одржување на зграда и здрава средина во училиштето во сите простории.<br>Учениците и наставниците со организирање на разни работилници допринесуваат за ширење на меѓуетничка соработка,подобрување на меѓуетнички врски, запознавње на други култури.<br>Нашето училиште има партнер училишта од друга етничка припадност и редовно соработуваат преку заеднички часови,манифестации,спортски активности во кое учество земаат учениците, наставниците и родителите Медиумите се известуваат за настаните во училиштето и во врска со училиштето и учествуваме на сите настани организирани од страна на општината. | |
| Кодекс на однесување<br>Реализација на седмиот чекор од еколошката програма (Донесување на еко-кодекс и МИО програма) | Во училиштето постои кодекс на однесување кој е поставен на видно место на повеќе места во училиштето.<br>Донесен е еко кодекс со кој се поставени принципите и правилата на однесување на сите структури во училиштето (раководниот кадар, наставниците,стручната служба, техничкиот персонал, учениците и родителите). кој е поставен на огласна табла со што е реализиран седмиот чекор од еколошката програма. Училиштето има пишани процедури за реагирање во случај на прекршување на правилата на однесување, пропишани со кодексот и куќниот ред и таквите процедури ги спроведува во практика..<br>• Учениците се активни учесници во планирање ,реализирање и следење на седумте чекори и точките на акција од еко-стандардите (еко-секција, еко-патроли и еко-одбор)<br>Во последните две учебни години училиштето работи според пропишани протоколи и Алгоритам за работа во услови на пандемија<br>• Училиштето ја има усвоено и внесено МИО и ЕКО активности и содржини во својата годишна програма<br>• Наставниците во своите наставни планови и програми имаат планирани самостојни МИО и ЕКО содржини, како и заеднички активности со партнер училишта.<br>• Учениците и родителите даваат поддршка и соработуваат во предвидените МИО и ЕКО активности | Кодекс на однесување и куќен ред<br>Еко кодекс<br>Наставен план и програма<br>Протоколи и Алгоритам на училиштето за работа во услови на пандемија |

| | | |
|---|---|---|
| Училишна клима | Во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените и поттикнувачка и мотивирачка атмосфера.Раководниот и наставниот кадар играат клучна улога воодржувањето на постојано поттикнувачка атмосфера во училиштето, што се гледа од нивното однесување со учениците, другите вработени, родителите и посетителите на училиштето. Вработените ги упатуваат учениците да се грижат за училиштето и едни за други. Сите ученици (без оглед на способностите, родот, етничката припадност, верата и потеклото) се чувствуваат безбедни и прифатени од возрасните и од другите ученици во училиштето. | анкетите/интервјуата со наставниците, родителите и учениците; педагошката евиденција и документација, записници на стручните служби и сл. |
| Поведение и дисциплина во училиштето | Дисциплината на учениците е многу добра. Постои работна атмосфера за време на наставата и воннаставните активности, Во училиштето постојат проширени дежурства од страна на наставниците-по двајца наставници на кат. Учениците од прво –трето одделение во проширената програма имаат по еден час за прифаќање и за испраќање на учениците. Интерниот акт за изрекување педагошки мерки целосно се почитува и спроведува при нарушување на дисциплината. Секое нарушување на дисциплината се регистрира и пријавува кај одделенскиот раководител, а потоа доколку е потребно и кај стручната служба. | Кодексот на однесување; анкетите/интервјуата со наставниците, родителите и учениците; педагошката евиденција за изречени педагошки мерки; куќниот ред на училиштето, распоред на дежурства за наставниците |
| Партиципација на учениците во решавањето проблеми и донесувањето одлуки <u>Партиципација на учениците во решавањето проблеми и донесувањето одлуки како активни учесници во реализација на седумте чекори и точките на акција од еко-стандардите (еко-секција, еко-патроли и еко-одбор)</u> | Училиштето има демократски формиран ученички парламент, кој учествува во донесувањето одлуки за прашања што се од непосреден интерес на учениците. Ученички парламент е составен од по двајца членови од одделенската заедница на сите паралелки. Раководството на парламентот се избира по пат на демократски избори и гласање. Ученички парламент работи според сопствена програма за работа и зема учество во промени во училиштето, училишната клима и дисциплина со цел решавање проблеми поврзани со дисциплина и поведение, а исто така согласно новите измени во Законот за основно образование двајца ученици се изберени да присуствуваат на Наставнички совет, Совет на родители и Училишен одбор. Учениците учествуваат во работата на еко одборот и еко патролите, особено е активна еко секцијата која дава иницијативи за реализација на акциите. Свој придонес во решавање на проблеми има и училишниот тим за безбедност кој на крај на секој месец во стручната служба поднесува согледувања за изминатиот месец во однос на безбедноста во секоја паралелка.Секој родител дава согласност за учество во МИО активности | Записници од состаноци на ученички парламент, еко одбор и еко секција,МИО -тим Месечни согледувања за безбедност |

**Подрачје 5:** Училишна клима и култура

**5.2**. Промовирање на постигањата

| Теми: | **Констатации, собрани податоци:** | **Извори на податоци** |
|---|---|---|
| Промовирање на личните постигања на учениците | Вработените ги поттикнуваат учениците да учествуаат на сите видови натпревари, конкурси, манифестации, приредби и слично со тоа што истите се пофалуваат и се поддржуваат. На истите постигнуваат високи резултати. Учениците со високи постигања во текот на учебната година се пофалуваат пред Наставничкиот совет, родителите, другите ученици преку читање на соопштение, се објавуваат на веб страна на училиштето и во училишниот информатор „Вуков Цвет“-печатен или елктронски.<br>Училиштето ги промовира личните постигања на сите ученици и надвор од рамките на училиштето. Во училиштето јавно се пофалуваат учениците на Денот на училиштето, крајот на учебата година, фејсбук профилот, огласна табла во училиштето, како и прием на ученици од страна на директорот и наставничкиот колегиум кои постигнале врвни резултати од државно ниво со што се поттикнува наставниот кадар и учениците да учествуваат и да постигнуваат успех на натпревари на локално, регионално и национално ниво. | Пријави за учество на конкурси,манифестации<br>Сертификати и дипломи, пофалници<br>Одлука на Наставнички совет<br>Правилник за наградување и изрекување педагошки мерки<br>Соопштение<br>Website и Facebook страна на училиштето |
| Промовирање на постигањата во име на училиштето<br>Реализација на шестиот чекор од еколошката програма (Информирање и вклучување на пошироката заедница) | На Ден на училиштето учениците ги претставуваат своите постигнувања во текот на училишната година. Во текот на годината учествуваа на одбележување на Денот на ЕУ, Месецот на книгата во Градска Библиотека, учество на Техно сајанс во Техничко училиште, манифестации за одбележување на 11 Ноември - Ден на ослободување на Куманово, Маскенбал (Батко Ѓорѓија), Ден на Европа, Ликовни колонии - Детски ликовен камп „АСНОМ“, учество на „Велигденски крос“ ,,Вело –активности“, МИО – активности (одбележување на верски и национални празници) и сл.<br>Исто така и учество во еко акции: Денот на екологија, Ден без автомобили“, ,,Ден на пролетта- “, Светски ден на акција, учество во разни хуманитарни акции. | Извештај од Ден на училиште<br>Извештаи од учество на манифестации и фотографии<br>Сертификати и дипломи<br>Извештај од еко акции, МИО активности<br>Website и Facebook страна на училиштето |

**Подрачје5:** Училишна клима и култура

5.3. Еднаквост и правичност

| Теми: | **Констатации, собрани податоци:** | **Извори на податоци** |
|---|---|---|
| Познавање на правата на децата | Сите вработени ги знаат и почитуваат правата на децата. Во правилниците на училиштето се опфатени основните начела за почитување на правата на децата, недискриминација, забрана за психичко и физичко малтретирање и сл.Учениците со детските права се запознаваат уште од најмала возраст преку дел од наставните содржини и предмети и на часот на одделенската заедница од програмата на животни вештини. | Листа на проекти кои се реализирале<br>Програми за животни вештини<br>Тематски процесни и дневни подготовки на наставници<br>Записници од состаноци на Совети на наставници |
| Еднаков и правичен третман на сите ученици | Во училиштето има хетероген состав на ученици по пол, машки 42, женски 55; возраст од 6-14 години, способности, социјална и материјална положба и национално определување-Македонци 73, Срби 8, Роми 16. Наставниците настојуваат да имаат еднаков третман кон сите ученици во однос на поддршка, еднакви можности за учество на час и вонанставни активности<br>Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности во сите свои пишани документи. Овие теми се обработуват преку одделенски час, планирани наставни содржини, како и на час по животни вештини, преку организирање разни работилници и манифестации. | Проекти: Мулти култи, Интегрирано образование<br>Реализација на животни вештини на класни часови,реализација на наставна МИО и ЕКО програма преку наставни содржини |
| Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот<br><br>Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот преку проектот Меѓуетничка интеграција во образованието. | Во училиштето постои желба и волја за прифаќање и промовирање на мултикултурализмот. Формиран е тим (СИТ)кој се грижи за планирање и реализација на сите активности-самостојни и со партнер училиште.<br>Во училиштето се работи на промоција на родовата, етничката, културната, верската и јазичната заедница. Учениците учат да ја почитуваат сопстваната и туѓата култура и традиција, најчесто низ организирани заеднички работилници и воннаставни активности. Преку реализација на проектот МИО во училиштето е поставена иконографија која промовира култура на различни етнички групи. Сите активности поврзани со МИО-проектот се промовираат преку разни медиуми и интернет страни. | Апликации на училиштето во проектот на УСАИД за интегрирано образование<br>Проект Безбедно училиште<br>Меморандум за Соработка со ООУ Наим Фрашери<br>Годишен извештај на училиште |

**Подрачје 5: Училишна клима и култура**

**5.4. Партнерски односи со родители и локална и деловна заедница**

| Теми: | **Констатации, собрани податоци:** | **Извори на податоци** |
|---|---|---|
| Соработка на училиштето со родителите<br><br>Соработка на училиштето со родителите во проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието | Училиштето организира најразновидни начини за инволвирање на родителите во училиштето: приемни денови за родителите, планирани средби со родители, редовни родителски средби, индивидуални средби, работилници со учениците и родителите, советодавна работа за родители и ученици , организирање на отворен ден за родителите на идните првачиња, а исто така и вклучување на родителите во проектни активности и др.<br>Промовирање на брошура со совети за родителите за подготвеност на новозапишаните учениците во прво одделение.<br>Вклучување на родителите во комисии за екскурзии и организирана исхрана на учениците, како и при решавање на прашања кои се важни за училиштето (безбедност, реновирање,апликации за проекти, униформи за ученици) како членови на УО ( 3 родители, од чии редови е претседател на УО) и Совет на родители ( 18 родители).<br>Сите информации за работата на училиштето и постигањата на учениците се достапни на сите родители и родителите може редовно да се информираат за постигањата и активностите на нивните деца.<br>Училиштето успешно соработува со родителите при реализација на проектот МИО( иако тој одзив е од мал број на родители), училиштето настојува да ги вклучи во сите домени при реализација на проектот како самоевалуација, заеднички активности со партнер училиштето, приредби, работилници, посети и сл. со цел поголема вклученост и соработка со родителите. | Записници од состаноци-родителски, Совет на родители и УО, комисија за екскурзии, комисија за исхрана<br>Брошура за родителите<br>Извештаи од советување на родители |
| Соработка со локалната заедница | Училиштето соработува со локалната заедница- МЗ Тоде Мендол,локална самоуправа-Совет на Општина Куманово, Градоначалник на Општина Куманово, Сектор за образование, БРО, ДПИ, МВР, Заедници при совет на општината, преку реализација на разни проекти од областа на инфраструктурата, буџетот и учество на манифестации организирани од локалната заедница: Маскенбал „Батко Ѓорѓија“, Ден на ЕУ, Мултикултура во општината.<br>Училиштето е вклучено во животот на Локалната заедница преку спроведување заеднички проекти и организирање и учество на настани кои се во интерес на заедницата. Учениците волонтерски се вклучени во активностите што ги | Годишен извештај на училиштето<br>Годишен план на реновирање на училиштето<br>Годишен буџет на училиштето<br>Барања поднесени до Совет на општина, Сектор за образование и Градоначалник |

| | | |
|---|---|---|
| | организира заедницата. Училиштето остварува соработка со Локалната заедница преку учество во проектите: Проект за безбедни училишта, Одбележување на Ден на градот, Ден на Европа, Маскенбал (Батко Ѓорѓија) и др. | |
| Соработка со деловната заедница и невладиниот сектор | Училиштето соработува со повеќе ЈП, приватни фирми и други институции и НВО сектор: ЦИД, Коло српских сестара, Заедница на Срби во Куманово , Здруженија на пензионери, соработка со Здружение „Civis“ и Здружение „Доверба“. Порака наша, Здружение на просветни работници, Здружение за грижа и воспитување на деца, Здружение на писатели . | Меморандуми на соработка<br>Извештаи од учество во активности<br>Извештаи од реализирани |
| Соработка на училиштето со родителите, локалната и деловната заедница, невладиниот сектор и медиумите со вклучување на нивни претставници како активни учесници во реализација на еколошката програма (еко-одбор) | Во еко и мио одбор на училиштето како членови се вклучени претставници на Совет на родители, локална самоуправа, НВО, медиуми, Куманово њуз, Радио Браво и Јавни претпријатија Чистота и зеленило, Водовод и други кои редовно се повикувани на состаноци, но одзивот е најчесто слаб. | Покани за состанок на еко одбор<br>Записници од состаноци на еко одбор |

**Подрачје 5:** **Училишна клима и култура**

---

| **Резултати:** |
|---|
| ***Јаки страни:***<br>-Во училиштето постои добра интеракција меѓу учениците, учениците и наставниците***;***<br>- Наставниците имаат воспоставено добра комуникација со учениците, еднаков приод , взаемна почит и поддршка ***;***<br>-Се дава редовна усна и писмена повратана информација за напредокот и постигањата и потребите за нивно подобрување***;***<br>-Постои континуирана соработка со релевантни институции(МОН, БРО , ДПИ , ДИЦ ) ***;***<br>-Постои соработка со јавните установи во области од нивни домен. |
| ***Слаби страни:***<br>-Постои делумна соработка во идентификување на деца со ПОП , емоционални и други потешкотии***;***<br>-Постои делумна вклученост на родителите во организација на предавање, трибини и работилници кои обработуваат актуелни теми***;*** |
| **Предлог на мерки за подобрување на квалитетот на наставата:** |

| |
|---|
| -Да се подобри меѓусебната соработка за помош и поддршка при совладување на одредени наставни содржини;<br>-Да се подобри вклученоста на родителите во организација на предавање, трибини и работилници кои обработуваат актуелнитеми ;<br>-Да се подобри соработката со други образовни институции во РМ и надвор од неа;<br>-Да се работи на развивање на ученичката заедница и демократската партиципација на учениците во училишниот живот ; |

**Самоевалуација на училиштето: ООУ „Вук Караџиќ“ Куманово** **Подрачје 6: Ресурси**

| |
|---|
| Оддели во рамките на подрачјето: Ресурси<br>6.1 .Простории и капацитети<br>6.2 Наставни средства и материјали<br>6.3 Обезбедување на потребен наставен кадар<br>6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар<br>6.5 Финансиско работење<br><br>Тим: Звонко Кипријановски, Маја Станковски, Николче Јакимовски, Ивица Ѓорѓиевски |

**Подрачје 6: Ресурси**

**6.1. Простории и капацитети**

| Теми: | Констатации, собрани податоци: | Извори на податоци |
|---|---|---|
| Просторни услови | Воспитно образовната дејност во училиштето се реализира во едно централно училиште во населба Тоде Мендол Куманово<br>Вкупната корисна површина на училишниот објект изнесува 2713 м2, игралиште 900м2 и фискултурна сала со површина од 632м2, уредена дворна површина 300м2.<br>Објектот на основното училиште е изграден 1974 година и е од цврста градба, П+1двокатна,со 6+6 училници на горните катови и 4 училници на приземје и 1 кабинет по ТО во подрумски дел. Сите простории ги исполнуваат критериумите за воспитно образовниот процес, освен простоиите во подрумски дел заради влага и недоволно осветлување..<br>Училиштето е опремено со доволен број на училишен инвентар и | Урбанистички план на училиштето<br>Решение за регистрирање во судскиот регистар<br>Имотен лист за сопственост на зградата |

| | | |
|---|---|---|
| | компјутери за сите ученици.Санитарните јазли за учениците и наставниците се наоѓаат на секој кат по 2 мокри чвора кои се реновирани 2007 година од проектот за Модернизација на образование. Објектот е приклучен на електрична и водоводна мрежа.<br>Во учебната 2021/2022 година започна реновирање на неколку санитарни јазли во училиштето,а комплатно се направи реконструкција на тоалаетите на еден спрат од училиштето.<br>Целосно беше реконструиран и кровот на училиштето.<br>За реализација на наставата по физичко и здравствено образование училиштето има фискултурна сала која ја користи заедно со ООУ Наим Фрашери и на приземје просторија прилагодена во фискултурна сала за одделенска настава која бара потемелно реконструирање и опрема .<br>Основното училиште располага со спортски терени за фудбал и кошарка кој го користи заедно со ООУ Наим Фрашери.<br>Пред почетокот на новата учебна година 2021/2022 година,се реновираше спортскиот терен според современи стандарди со мека подлога за фудбал и кошарка,се поставија и трибини за следење со што значително се намали паркинг –просторот за вработените и родителите, со што се отвори можност за барање на нов паркинг-простор.<br>Просториите се затоплуваат со нафта и делумно на дрва.<br>Во 2021 гоина се реновираше приземјето на училиштето, се ставија нови ПВЦ прозорци со то се комплетира замената на прозорци на цела зграда – енергетски по ефикасни со што затоплувањето во училиштето е значително подобрено.<br>Се реновираа и подрумските простории,со грант на МОН и Општина Куманово. | |
| Искористеност на просторните капацитети | Училниците се со стандардна големина од 58м2 и во потполност ги задоволуваат потеребите на наставниот процес. Големината на паралелките дозволува кабинетска настава. Има 18 паралелки од 1-9 одделение. Секој кабинет задолжува по двајца до тројца наставници во двете смени. Во смената на одделенска настава во секој кабинет работи по еден одделенски наставник, а во смената на предметна настава некои кабинети ги задолжуваат по два наставника. Наставата по физичко и здравствено образование се одвива во училишна спортска сала која е реновирана и опремена и која ја делиме со ООУ Наим Фрашери.<br>Наставата во одделенска настава по овој предмет се реализира во прилагодена просторија во подрумскиот дел на училиштето која бара реновирање и опремување. Училишната библиотека и кабинетот по | Шема на училишен простор по одделенија и кабинети<br><br>Записник од санитарна инспекција |

| | | |
|---|---|---|
| | физика 2010 година се реновираа и се доби уште една просторија која се користеше за продолжен престој , а сега просторијата повторно е пренаменета и се користи како училница со цел да им се олесни пристапот на ученици со телесен инвалидитет . Училниците за прво одделение се според стандардите за возраст. Училиштето има 4 канцеларии кои ги задоволуваат потребите на службите: педагог и психолог, наставничка канцеларија, домаќин и секретар на училиште и директор. | |
| Реализација на точките на акција од воспоставените еко-стандарди | Точките на акција од воспоставените еко стандарди се реализираат така што се врши ослободување од непотребни предмети во зградата-скршени клупи, саксии, табли, постери, хартија и организирање на акција за собирање на хартија и пластични шишиња, чистење на ходници, канцеларии, училници и фискултурна сала со еколошки средства, разубавување на ходници, канцеларии и училници со цвеќиња, формирање на еко патрола и сл.<br>- Санирање (бојадисување, врзување, лепење и сл.) на оградата или замена на оштетена ограда со нова, санирање и изработка на нова фасада на училиште , изготвање упатства за одржување на хигиена во двор , формирање на еко патрола која ќе ги следи, нагледува и контролира процесот на имплементација на активностите и сл.<br>-Во учебните 2017/2018 и 20/21 година е реализирана и една од позначајните точки на акција од аспект на заштеда на електична енергија, а тоа е замена на прозорците на училишната зграда со помош на донација од Јапонската Амбасада и проект на МОН „140 училишни спортски сали“. | Еко програма со изберени точки на акција |

**Подрачје 6: Ресурси**

6.2. Наставни средства и материјали

| Теми: | **Констатации, собрани податоци:** | **Извори на податоци** |
|---|---|---|
| Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала<br>Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала од областа на еколошкото образование и заштитата | Училиштето располога со разновидна стручна литература- библиотека со пристоен фонд книги, списанија, прирачници, енциклопедии). Наставните средства и помагала се според стандардите но треба да се изврши набавка на нагледни средства и помагала според Нормативите по сите наставни предмети како и асистивна технологија за ученици со посебни потреби. Во училиштето има функционално мрежно поврзани компјутери, а за учениците од I-III одделение и за сите наставници обезбедени се лаптопи компјутери кои се застарени и нефункционални. | Пописни листи<br>Листи на задолжена компјутерска опрема по кабинети<br>Попис на техника во библиотека и кај стручна служба<br>Анкетни листи по предмети<br>Попис на стручна литература во библиотека |

| | | |
|---|---|---|
| на животната средина | Училиштето располага со 2 лап топи, 5 ЛЦД проектори, 1 платно за проекција, 3 смарт табли, 5 бели табли и 3 нови зелени табли, 1 флип чарт камера за снимање на добри практики и фото апарат добиен Мировен корус.. За настава по музичко образование има 2 големи касетофони и ЦД плеери, еден синтисајзер, 25 мандолини кои не се во употреба и 10 блок флејти. Во училиштето работи оркестар со орфови флејти. Постои озвучување со 2 големи звучника кое е старо и слабо. Кабинет по ликовно е опремен со 5 штафелаја, бои, линолеуми, модели итн. Кабинетите по физика, хемија и биологија се опремени со повеќе нагледни средства а со потрошен материјал се снабдуваат по потреба секоја година.<br>Во учебната 2021/2022 година училиштето доби 3 смарт табли поврзани со ЛЦД-проектори.<br>Училиштето ги утврдува потребите за наставни средства и помагала преку анкетни листи кои ги доставува до секој наставник кој е задолжен да ги наведе потребните материјали за успешно изведување на наставната програма Секој наставник воТематско процесни планирања предвидува и подготвува наставни помагала и материјали кои му се потребни за таа тема.<br>Во училишната библиотека постои одреден број на материјали од областа на екологијата- прирачници, брошури, енциклопедии, флаери, постери и календари, упатства, Зелен пакет ,додека наставни помагала и средства креираат самите наставници, а се користат и алати и прибор кој го поседува училиштето од донации . Во период од 2016-2020 година Х.З.Г.Садакаја имаше донација од повеќе наставни средства како историски карти, географски карти, сет по математика, едукативни игри, постери по Англиски јазик, постер по музичко образование, постери за сообраќај, 1 компијутер,1 тастатура,1 глувче и 1 мултифункционален систем:принтер,копир,скенер. Наставни средства за физичко и здравствено образование , топки за одбојка, кошарка, ракомет. За одделенска настава има основен сет за магнетизам, демонстративен часовник, танграм, пластифицирани бројни оски, домино картички, флипчарт табла со ногарки. и тоа : 1 душек, 1 топка гумена за одбојка, 1 топка гумена за ракомет, 1 пластичен агломер, 1 пластичен разностран триаголник, 1 пластичен рамнокрак триаголник, 1 пластичен линијар, 1 пластичен шестар, натриум хидроксид 1000 гр. 1 основен сет магнетизам, 1 основен сет електроника, 1 основен сет механика, 1 архимедов закон, 1 демонстратор на паскалов закон, 1 карта Македонија | |

| | | |
|---|---|---|
| | во Втора светска војна, 1 карта Европа, 1 карта Македонија, 1 карта свет, 4 плутани табли и друго. Во текот на преходната и оваа учебна година МОН ги опреми со нагледни средства наставата по физичко и здравствено образование во одделенска настава, природни науки и настасва во 1 и 4то одделение по нова Концепција на основно образование. | |
| Училишна библиотека | Училишната библиотека располага со пристоен книжевен фонд на 7000 наслови . Книжниот фонд опфаќа прирачници, лектири, белетристика, стручна литература за наставници по сите предмети. Во два наврата преку проектот за модернизација на образованието е збогатуван со енциклопедиски и лектирни изданија за сите возрасти, а добиени се и повеќе донации од Пис корп на англиски јазик и од Српска амбасада на српски јазик, како и материјали од Словенечка и Романска Амбасада и Турски културен центар, 3 прирачници за настава по Македонски јазик и литература, 1 Нумерус, 6 библиотеки на тркала за одделенска настава од Фондацијата „Чекор по чекор“. Евиденција на користење на книгите се води електронски и во библиотечна книга, а во иднина се планира и картотека. Според број на лектирни изданија (520) од 1-9 одделение и вкупен број на ученици, на еден ученик отпаѓа по околу 4 книги. Од минатата учебна година е ангажиран 1 библиотекар со полно работно време.<br>Библиотеката има мултимедијална функција: позајмување на книги, читална, истражување на интернет, литературни читања, драмска секција, реализирање на манифестации Месец на книгата , Свети Сава, подршка на ученици кои имаат тешкотии во прилагодување кои имаат потреба, презентации на добри практики, работа на проекти , семинари и др. активности. | Пописни листи на лектирни изданија<br>Пописни листи на другуи книги<br>Пописни листи на стручна литература<br>Попис на еколошка литература<br>Годишна програма на библиотекари<br>Извештаи од манифестации |
| Потрошен материјал | Според материјалните можности на училиштето навремено се набавува потребниот потрошен материјал за непречено изведување на наставниот процес. Најмногу има потреба од хартија за принт и копирање и тонер за принтери и фотокопир, хамер, бои, фломастери, хефталици.... Одреден потрошен материјал по предмети се набавува на крајот на календарската година во рамки на можности-топки по физичко и здравствено, киселини, лакмуси по хемија, батерии по физика, географски карти, историски карти или мапи, бои, спрејови, хамери по | План за набавки според добиени барања од наставници<br>Финансов план |

| | | |
|---|---|---|
| | ликовно образование, а дел од материјали училиштето добива од Невладина организација „Садакаја“. | |

**Подрачје 6: Ресурси**

**6.3. Обезбедување на потребен наставен кадар**

| Теми: | **Констатации, собрани податоци:** | **Извори на податоци** |
|---|---|---|
| Број на вработени и соодветност на наставниот кадар | Училиштето брои вкупна бројка на вработени од 41. За оваа учебна година има обезбедено наставен кадар во согласност со законот за основно образование и нормативот за наставен кадар. По одделни наставни предмети наставата ја реализираат наставници од други училишта. Наставниот процес во училиштето го реализираат: 10 одделенски наставници, 17 предметни наставници, плус 3 кои се ангажирани од други училишта. Во училиштето се ангажирани 3 стручни соработници-психолог, педагог и библиотекар. Училиштето има потреба од дефектолог за работа со ученици со посебни потреби, бидејќи ангажираниот специјален едукатор од ресурсниот центар „Иднина“ сеуште нема јасна концепција на поддршка.<br>Од вкупниот број на вработени 6 се вработени на определено време додека останатите 35 се вработени на неопределено. | Платен список<br>Списоци на вработени за присуство на состаноци<br>Евиденција на директор |
| Ефективност и распоредување на кадарот | Наставниот кадар правилно е распореден според Норматив за наставен кадар за да може да ги извршува поставените задачи. Направен е распоред за изведување на часовите со кој им се овозможува на наставниците што работат во повеќе училишта –да можат ефективно да го искористат своето време, и некои од нив да можат успешно да стигнат на часови во друго училиште во ист ден. Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности. | Распоред на часови |
| Стручната служба како поддршка на наставниот кадар | Стручната служба во училиштето е составена од педагог, психолог и библиотекар кои помагаат во поддршката на наставниот кадар од аспект на организирање на потребна стручна литертура, помош во реализирање на проширена програма и сите наставни и воннаставни активности. | Извештаи од реализирани активности |

| | | |
|---|---|---|
| Соодветност и распоредување на наставниот кадар и стручната служба во вклучување и реализација на еколошката програм | Во еко одборот се опфатени и наставници и претставници на стручна служба а координатори на проектот се еден наставник од предметна настава, еден од одделенска настава. Тие тимски ги планираат и реализираат еко акциите и ја реализираат еколошката програма. | Програма за екологија<br>Еко одбор |

**Подрачје 6: Ресурси**

**6.4.Следење на развојните потреби на наставниот кадар**

| Теми: | **Констатации, собрани податоци:** | **Извори на податоци** |
|---|---|---|
| Професионален развој на наставниците | Наставниците учествуваат на семинари организирани од страна на МОН, БРО, како и на други обуки кои се спроведуваат од страна на домашни и странски организации. Реализираните обуки се евидентираат во педагошките картони на наставниците. Стручната служба ги евидентира нивните досегашни обуки и семинари во евидентни листи.<br><br>Наставниците индивидуално и на ниво на училиште се усовршуваат согласно нивните потреби за поквалитетна реализација на наставата. Истото го прават на интерни обуки кои се организираат и реализаираат од страна на стручните соработници, директорот и самите наставници. Во училиштето постои систем за соработка и размена на искуствата и сознанијата меѓу вработените и нивна соодветна примена во наставата преку презентација на добри практики на стручни активи, дисеминација на посетени семинари. Работата на наставникот-приправник ја следи ментор кој е избран според професионални стандарди и има стекнато звање ментор од страна на Министерството за образование и наука, кој на приправникот му дава соодветна стручна помош преку остварување на програма. Училиштето ги почитува законските принципи за наградување на менторите и приправниците, односно на приправниците им се исплаќа 80% од платата. Во училиштето работат поголем број на млади наставници и стручни соработници кои се вклучуваат во следењето на семинарите за постигнување на работно искуство. | Годишна програма на училиштето<br><br>План за професионален развој<br><br>Евиденција на обуки кои ги посетиле наставниците и обуки кои ги одржале<br><br>Програми на ментори<br><br>Записници од состаноци на стручни органи<br><br>Наставниот кадар има ажурирани портфолија за професионален развој<br><br>Стручна служба води педагошки картони на наставници<br><br>Анкетни прашалници за процена на личен професионален развој<br><br>Листа на посетени обуки и дисеминација на посетени обуки |

| | | |
|---|---|---|
| | Училиштето има план за професионален развој во рамките на годишната програма на училиштето. Исто така наставниците добиваат упатства од директорот за стручна литература во библиотеката на училиштето и сајтови на Интернет кои ќе им помогнат да стекнат знаења за современи наставни форми и методи во наставата. Стручните соработници и наставниците имаат изработено лични планови за професионален развој од кои се гледа нивната заинтересираност за континуирано професионално усовршување. | |

**Подрачје 6: Ресурси**

6.5. Финансиско работење на училиштето

| Теми: | **Констатации, собрани податоци:** | **Извори на податоци** |
|---|---|---|
| Постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиско работење | Јавните набавки од мала и голема вредност во училиштето се реализираат согласно законските прописи преку комисијата за јавни набавки со повеќе понуди или јавен тендер.<br>Може да се согледа дека во последните три години растот на буџетот не е соодветен со растот на цените на услугите и цените на потрошните материјали што се користат во училиштето за реализација на наставата и одржување на хигиената. Поради тоа може да се рече дека финансиското работење е доста економично. | финансискиот план, развојниот план и годишната програма за работа; разговорот со директорот записниците и одлуките на УО; разговорот со Советот на родители; склучените договори, тендери за јавни набавки; понудите; записниците од ревизија и Управа за јавни приходи |
| Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет<br>Планирање и трошење на училишниот буџет согласно еколошката програма и воспоставените еко-стандарди | Училиштето секоја година донесува финансов план како и извештај за финансиското работење на училиштето со Одлуки на Училишниот одбор за усвојување на завршната сметка.<br>Училиштето ги планира финансиските средства со финансиски план и ги распоредува согласно финансискиот план, за задоволување на тековните потреби, а за другите потреби доколку има финансиски средства.<br>Се изготвуваат финансиски план, финансиски извештај, се води сметководствена евиденција, се изготвува годишна сметка за целокупното финансиско работење за сметките која што е доставена до Централен регистар, Управа за јавни приходи, Основачот, Државен ревизор и Министерството за образование и наука.<br>Училиштето целосно ја информира локалната заедница за училишниот буџет и трошењето со доставувањето на финансискиот план и | Финансиско работење<br>Месечни и годишни финансиски планови<br>Завршна сметка<br><br>Проект за реновирање на прозорци и фасада |

| | | |
|---|---|---|
| | завршната сметка. Родителите ги информира индиректно, преку членовите на Училишниот одбор претставници од родителите. Финансиското работење се контролира преку Училишниот одбор. Завршните сметки се разгледуваат на седниците на Училишниот одбор. Членовите на Училишниот одбор се информираат за трошењето на буџетот,додека останатиот персонал, родителите и локалната заедница може да добие информација само доколку побара<br>Еколошката програма предвидува заштеда на електрична енергија, вода и нафта за затоплување со спроведено истражување за економска ефикасност на училиштето преку степен на потрошувачка на овие ресурси и предвидување на начини за заштеда на овие ресурси кои беа преточени во проект за реновирање на прозорци и обнова на фасада. | |

| **Резултати:** |
|---|
| ***Јаки страни:***<br>- Училиштето е наменски градено, отсекогаш се користело и се користи за воспитно-образовна дејност<br>- Условите во училниците се добри за работа во нив, но секогаш може да бидат и попријатни и посоодветни,<br>- Бројот на ученици во паралелките се движи вкупно 97 ученика се разместени во 18 паралелки од 1-9 одделение големината на училниците (од 30 - 60 м2 и сосема соодветствува на бројот на ученици во паралелките.<br>- Капацитетите со кои располага училиштето плански и максимално се користат за изведување на наставата и воннаставнитеактивности.<br>-Развиена е кабинетска настава.<br>- Работното време на библиотеката овозможува учениците да ја користат во текот на целиот училишен ден<br>- Училиштето ги утврдува потребите за наставни средства и помагала, има систем за следење на нивната употреба, одржување и набавка на нови.<br>- Наставните средства се достапни за користење по претходен договор за нивно користење.<br>- Во наставата се планира и реализира користењето на ИКТ.<br>- Секој ученик и вработен има постојан и неограничен пристап до интернет.<br>- Библиотеката е прегледно распоредена, библиотекарот води грижа и за набавката, чувањето и распределбата на бесплатните учебници. За таа цел библиотеката располага со простор и компјутер, принтер, копир и скенер.<br>- Училиштето има обезбедено доволно наставен кадар за реализирање на воспитно – образовниот процес.Наставниот кадар поседува низа квалификации, вештини и искуство стекнати преку обуки и континуирано се унапредува прекуинтерни и екстерни обуки, кои соодветно ги применува во својата работа.<br>- Квалитетот на работата и придонесот на наставниците за работата на училиштето е постојан и наставниците секогаш работат како тим во рамките на стручните активи (Професионалните заедници за постојано учење).<br>- При отсуство на наставниот кадар училиштето води грижа и брзо и ефикасно прави промени за да се покрие отсуството.<br>- Стручната служба во училиштето им помага на наставниците во организацијата на наставата, во следењето на напредокот |

| |
|---|
| наученициte, во справувањето со проблемите на индивидуално и групно ниво и/или во давањето советодавна помош на учениците и родители.<br>- Во училиштето секоја учебна година се идентификуваат потребите за професионален развој на наставниците.<br>- Училиштето има програма за професионален развој во која се вклопени идентификуваните потреби.<br>- Професионалниот развој на наставниците претежно се одвива преку интерни обуки и дисеминации, а поретко и преку екстерни обуки.<br>- Училиштето нуди целосна поддршка за интерното стручно усовршување.<br>- Менторството во училиштето е развиено на професионално ниво.<br>- Секој кој присуствувал на екстерна обука има обврска да го дисеминира наученото<br>- Секој вработен добива можност за професионален развој<br>- Сите наставници имаат квалитетни портфолија за професионален развој<br>-Училиштето има пропишани механизми за оддавање признанија на кадарот кој перманентно внесува иновации во работата. |
| ***Слаби страни:***<br>- Зградата е стара и не е реновирана од нејзината изградба во 1974 година, така што има стара фасада, испукани тротоари, влезна врата која не е по правила на безбедно влегување и излегување и испукани внатрешни ѕидови, стара електрична инсталација и оштетени неонки.<br>- Училиштето располага со стручна литература и наставни средства што делумно соодветствуваат со современите наставни текови.<br>- Училишната библиотека нема доволно лектирни изданија.<br>- Во училиштето нема вработени или ангажирано кадар за работа со деца со посебни образовни потреби освен 1 образоваен асистенет<br>- Административно - техничкиот персонал во училиштето е соодветно потполнет, но има аспекти на нивната работа што треба да се подобрат, посебно кај техничкиот кадар.<br>- Наставниците имаат познавање на процесите на учење и развој на децата, но не и за задоволување на различни нивни специфични потреби, за што е потребно дополнителни системски обуки или ангажирање на специфичен кадар. Потребни се обуки за новопримениот наставен кадар.<br>- Финансиски средства не одговарат на потребите на училиштето особено од потрошен материјал и одржување на компјутерска технологија. |
| **Предлог на мерки за подобрување на квалитетот на наставата:**<br>1. Подобрување на условите за работа со реновирање и реконструкција на училишната зграда- фасада, ограда и порта.<br>2. Набавка на стручна литература, литература за деца, нагледни средства и технички помагала, смарт табли<br>3. Прилагодување на наставните содржини согласно индивидуалните способности на учениците во насока на делумно растеретување на учениците.<br>4. Ефикасно користење на ИКТ во наставата (доопремување на училниците со компјутерска опрема).<br>5. Стручно усовршување на наставниот кадар во насока на начините на задоволување на специфичните потреби кај учениците<br>6. Барање за ангажирање на дефектолог образовни и лични асистенти<br>7. Барање начини за зголемување на буџет на училиште.<br>8. Потребна е набавка на асистивна технологија за ученици со посебни потреби |

**Самоевалуација на училиштето: ООУ „Вук Караџиќ“ Куманово**

**Подрачје 7: Управување, раководење и креирање политика**

Оддели во рамките на подрачјето: Управување, раководење и креирање политика
7.1 . Управување и раководење со училиштето
7.2 . Цели и креирање на училишната политика
7.3 . Развојно планирање

Тим: Драгица Јовановска, Рената Георгиевска, Дијана Најденски, Ирена Трајковска

**7.1. Управување и раководење во училиште**

7.1. Управување и раководење со училиштето

| Теми: | Констатации, собрани податоци: | Извори на податоци |
|---|---|---|
| Управување со училиштето | Орган на управување во училиштето е Училишниот одбор. Во составот има 7 члена и тоа: тројца претставници од наставниците, тројца претставници од родителите на учениците, еден претставник од основачот; од оваа учебна година на состаноците на Училишен одбор присуствуваат и  двајца претставници од учениците ( ученички парламент од осмо и девето одделение). Членовите на Училишниот одбор по националност се Македонци и Срби<br>Училишниот одбор е конституиран со редовен избор пропишан според Статутот на училиштето и Закон за основно образование.<br>Работењето на училишниот одбор е регулирано со Статутот и Деловникот за работа. При донесување на важни одлуки се почитуваат статутарните и обврските од деловникот. Присуството на членовите на УО е многу добро, нема случаи на носење на одлуки без потребното мнозинство.<br>Информираноста на Членовите на УО е добра, материјали занавремено информирање се испраќаат заедно со поканата и дневниот ред.<br>Училишниот одбор соработува со директорот на училиштето, | Закон за основното образование<br>Статут на училиштето<br>Годишна програма за работа<br>Деловник за работа на Училишниот одбор<br>Записници и Одлуки од состаноците на Училишниот одбор |

| | | |
|---|---|---|
| | Стручната служба и наставниците, но и со другите заинтересирани страни (родители, ученици, локална заедници).<br>Училишниот одбор работи според Програмата за работа која ги опфаќа сите потребни содржини кои се законски и статутарни обврски.<br>За донесените одлуки се информирани вработените, родителите и учениците. | |
| Раководење со училиштето | Раководниот орган на училиштето е директорот кој е стручно оспособен и ги исполнува законски и статутарно поставените барања за директор на училиштето. Директорот е одговорен за законитоста во работата и за материјално-финансиското работење на училиштето<br>Целите и задачите на директорот се насочени кон организирање на севкупната работа на училиштето. Тие ги одразуваат, законските и статутарните барања, како и барањата кои произлегуваат за остварување на административно - организациските работи, така и во педагошко инструктивната работа, а посебно во однос на следењето, организацијата и реализацијата на ВОР. Директорот превзема мерки за подобрување на севкупните услови за работа во училиштето и за подобрување на хигиената во училиштето. Донесува одлуки кои се во негова надлежност. | Закон за основното образование<br>Статут на училиштето<br>Годишна програма за работа на Директорот<br>Прашалник за наставници |
| Спроведување на методологијата на седум чекори еко-менаџмент од еколошката програма | Училиштето ги спроведува сите 7 чекори од методологијата. Од година во година се залага за што поуспешно спроведување на истите и постигање на видливи резултати. | Методологија на седум чекори еко менаџмент |

**Подрачје 7:** Управување , раководење и креирање политика

7.2. Цели и креирање на училишна политика

| Теми: | Констатации, собрани податоци: | Извори на податоци |
|---|---|---|
| • Јасност и соодветност на целите<br>Јасност и соодветност во поставувањето на целите за реализација на Планот на активности од еколошката програма | Целите на училиштето се во согласност со целите на државната и локалната образовна политика. Целите се јасни и се насочени кон подобрување на квалитетот на наставата и подобрувања на постигањата на учениците. Вработените, родителите, учениците и локалната самоуправа активно учествуваат во креирањето на целите, начелата и вредностите на училиштето и училиштето ги запознава со нивното остварување и подобрување, но исто така и ги мобилизира да | Закон за основното образование<br>Статут на училиштето<br>Правилник за оценувањето, напредувањето,полагањето на испити, видовите на пофалби |

| | | |
|---|---|---|
| | работат на остварување на целите, земајќи ги секогаш во предвид мислењата на родителите и учениците. Особено јасно се поставени целите во еколошката програма соодветно на возраста на учениците и можностите на училиштето | и награди и педагошките мерки за учениците |
| Процедури за креирање на училишната политика Вклучување на еколошкото образование и заштитата на животната средина во креирањето на училишната политика | За квалитетно и навремено реализирање на поставените цели во учебната 2021/2022 беа определени задачите, активностите на одговорните лица и временската рамка за нивна реализација. Во планот за евалуација се определени критериумите, инструментите, динамиката и носителите на активности со кој ќе се следи успешноста на реализирање на поставените цели. Училиштето преку редовно одржување на состаноци со совети на родители, родителски средби и наставнички совет ги запознава сите заинтересирани субјекти за реализација на поставените цели земајќи ги притоа во предвид нивните предлози и ставови. Училиштето континуирано планира обуки на наставниот кадар. Училишната политика вклучува аспекти на ненасилство и принципи на развој на еколошка свест, значи предвидува сеопфатна програма за развој на личноста на ученикот. | Статут на училиштето<br>Правилник за оценувањето, напредувањето, полагањето на испити, видовите на пофалби и награди и педагошките мерки за учениците<br>Правилник за почитување на куќниот ред |

**Подрачје 7: Управување, раководење и креирање политика**

**7.3. Развојно планирање**

| Теми: | **Констатации, собрани податоци:** | **Извори на податоци** |
|---|---|---|
| Цели на развојното планирање | Целите на училиштето се во согласност со државната и локалната образовна политика. Во училиштето овие цели јасно се адаптирани на подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот процес и јасно е како тие придонесуваат за подобрување на севкупните состојби во училиштето. Органите и телата во училиштето активно се вклучени во креирањето на училишната образовна политика.<br>Директорот на училиштето и стручната служба се одговорни за Организација и реализација на Годишната програма за работа на училиштето.<br>Стратегиите и процедурите кои се користени во процесот на самоевалуација и развојниот план на училиштето ги имаат идентификувано соодветните приоритети и задачи. Планираните цели | Закон за основното образование<br>Статут на училиштето<br>Извештаи за работата на училиштето |

| | | |
|---|---|---|
| | се прецизни и јасно ги отсликуваат мисијата, визијата и вредностите на училиштето и истите се имплементирани и во Годишните програми за работа на училиштето. Во процесот на самоевалуација се вклучени сите наставници. Училиштето ги информира наставниците и УО за поставените цели и динамиката за нивно реализирање и постигнатите резултати. Самоевалуацијата и Развојниот план се изработуваат согласно Законските и статутарните одредби. | |
| Материјално-технички средства | Училиштето располага со стручна литература и наставни средства и помагала кои постепено треба да се заменуваат со посовремени Училиштето има план за обезбедување на нагледни средства. Во училиштето има функционално мрежно поврзани компјутери кои се употребуваат во наставниот процес. За учениците од I-III одделение и за сите насатвници обезбедени се лап-топ компјутери. Наставниците при реализација на наставата користат ИКТ.<br>Училиштето ја планира набавката на основниот потрошен материјал, но набавката во целост не ги задоволува реалните потреби. Од оваа учебна година училиштето обезбеди 2 компјутера и принтер кој е стациониран во училишната библиотека да им послужи на наставниците за принтање на педагошка евиденција која од оваа учебна година ја имаат како обврска. | Наставни средства и материјали<br>Библиотека за стручна литература<br>Картотека на училишната библиотека<br>Пописни листи |
| Инфраструктура | Основно училиште „Вук Караџиќ“ Куманово е установа од посебен општествен интерес за образование и воспитание на ученици од 6 до 15 години. Се наоѓа во близина на пазарот во населба Тоде Мендол во Куманово на ул. „Браќа Филиповиќ“ бр.17 . Во училиштето гравитираат ученици од подрачјето од улицата Ноемвриска до раскрсницата со ул Бајрам Шабани и населбата Диво Насеље, Дел од 3 МУБ и ЈНА, Страшко Симонов и десна страна од Болницата, потегот на ЗИК и Пивара. Во последните 10 години училиштето се соочува со голем проблем на менување на населението по етничка основа, иселување на Македонците а населување на албанско население така што бројот на ученици рапидно се намали особено последните 5 години<br>Училиштето како правен субјект е основано со акт Одлука на Окружен Народен Одбор Куманово бр. 11-9097/1 од 7.12.1978 год, Училиштето е верифицирано со решение бр10-1030/3 од 5.6.1995година од страна на Комисија за верификација при МОН. Во училиштето во учебната 2021/2022 година наставата ја следеа 97 ученика од прво до деветто одделение, распоредени во 18 паралелки. Наставата во училиштето се одвива во две смени кои се менуваат на две недели. Училишниот објект | Годишните програми за работа<br>Урбанистички план на училиштето<br>Решение за регистрирање во судскиот регистар<br>Имотен лист за сопственост<br>Годишен извештај |

| | | |
|---|---|---|
| | е од тврда градба, изграден 1974 година. Направени се повеќе помали зафати за негово санирање, надворешни и внатрешни. Сменета е покривната конструкција, сменети се сите прозорци на училишната зграда, изградена е пристапна рампа по стандарди, адаптирана е една просторија во тоалет за лица со инвалидитет. Во тек е постапка за реконструкција на фасада и тротоари, реконструкција на тоалети на прв кат. И покрај досегашните вложувања за негово реновирање потребно е дополнително реновирање на зградата со што во голема мера ќе се подобрат условите за работа. | |

| **Резултати:** |
|---|
| ***Јаки страни:***<br>- Почитување на статутарните и деловничките обврски во работење на училишниот одбор при донесувањето на одлуки;<br>- Транспарентност во работата на Училишниот одбор;<br>- Организирано раководство<br>- Директорот на училиштето ги идентификува слабите страни на училиштето, презема активности за нивно надминување и донесува одговорни одлуки за промени на досегашните навики и начини на работа;<br>- Почитување на законските прописи при донесувањето важни документи и при планирањето на ВОР;<br>- Добро извршена самоевалуација и успешно идентификувани развојни цели во планот за развој на училиштето;<br>- Успешна примена на стратегиите и процедурите кои се користени во процесот на самоевалуација и развојниот план;<br>- Отворена комуникација и соработка на директорот со наставниот кадар и родителите, ;<br>- Навремено изготвување и доставување на Годишната програма;<br>- Вклученост на сите наставниците во креирањето на политиката во училиштето |
| ***Слаби страни:***<br>-Недоволна соработка со Основачот – Општина Куманово, родителите и заедницата;<br>- Недоволна едуцираност на членовите на УО во извршувањето на своите надлежности |
| **Предлог на мерки за подобрување на квалитетот на наставата:**<br>1. Унапредување на соработката со Основачот – Општина Куманово, родителите и заедницата;<br>2. Едукација на членовите на УО за извршувањето на своите надлежности<br>3. Подобрување на условите за работа со реновирање и реконструкција на училишната зграда- фасада, ограда и порта, технички персонал за одржување на спортска сала.<br>4. Набавка на стручна литература, литература за деца и нагледни средства и технички помапгала, современи нагледни средства и помагала<br>5. Комплетирање на библиотечен фонд<br>6. Ефикасно користење на ИКТ во наставата (доопремување на училниците со компјутерска опрема)<br>7. Барање начини за зголемување на буџет на училиште |

| **Собирање на податоци** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Прашалник за наставници | | **Прашање** | Потпол но се соглас увамм | Се | Не се соглас | се соглас увам |
| | 1. | Учеството на учениците во вонnаставните активности и манифестации е со поддршка од училиштето и наставниците. | 7-53,8% | 5-38,5% | 1-7,7% | 0 |
| | 2. | Учениците се вклучуваат во воннаставни активности по сопствен избор. | 4-30,8% | 8-61,5% | 1-7,7% | 0 |
| | 3. | Количеството и современоста на наставните средства и помагала овозможуваат квалитетно вршење на наставата. | 4-21,1% | 9-47,4% | 6-31,6% | 0 |
| | 4. | Наставните програми се прилагодени на возраста на учениците. | 0 | 7-53,8% | 5-38,5% | 1-7,7% |
| | 5. | Професионалното усовршување ми помага поуспешно да го реализирам наставниот процес | 3-23,1% | 9-69,2% | 1-7,7% | 0 |
| | 6. | Услови за реализација на активна настава се поволни | 6-46,2% | 7-53,8% | 0 | 0 |
| | 7. | Наставниците ги споделуваат своите мислења за постигањата на учениците на одделенските и наставничките совети | 4-30,8% | 9-69,2% | 0 | 0 |
| | 8. | Редовно се прати и евидентира залагањето на учениците на часот | 7-53,8% | 6-46,2% | 0 | 0 |
| | 9. | Наставниците се консултираат со стручната служба за подобрување на постигањата, дисциплината и редовноста на учениците | 5-38,5% | 6-46,2% | 2-15,4% | 0 |
| | 10 | Редовно се оддржуваат часови од додатна и дополнителна | 6-46,2% | 5- | 2-15,4% | 0 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | настава | | 38,5% | | |
| | 11. | Успехот на секој ученик зависи од тоа колку ученикот се труди и од знаењето кое го покажува | 2-15,4% | 11-84,6% | 0 | 0 |
| | 12. | Училиштето на учениците им нуди голем број на различни воннаставни активности | 3-23,1% | 7-53,8% | 3-23,1% | 0 |
| | 13. | Децата со посебни потреби се добро прифатени | 7-53,8% | 5-38,5% | 0 | 1-7,7% |
| | 14. | Во училиштето не постојат случаеви на омаловажување , навредување и злоставување на ученици | 3-23,1% | 6-46,2% | 4-30,8% | 0 |
| | 15. | Учениците имаат организирано поддршка при избор на средно образование | 2-15,4% | 11-84,6% | 0 | 0 |
| | 16. | Многу сум заинтересиран за професионално усовршување | 3-23,1% | 10-76,9% | 0 | 0 |
| | 17. | Наставниот кадар врши дисеминација на наставниците | 1-7,7% | 12-92,3% | 0 | 0 |
| | 18. | Стручните соработници даваат квалитетна поддршка на наставниците, учениците и родителите | 3-23,1% | 9-69,2% | 1-7,7% | 0 |
| | 19. | Раководството развива доверба, уважува различни мислења и обезбедува добра комуникација | 3-23,1% | 8-61,5% | 1-7,7% | 1-7,7% |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 20. | Раководството бара одговорност и работна дисциплина | 5-38,5% | 8-61,5% | 0 | 0 |
| | 21. | Раководството објективно ги вреднува резултатите од работата на вработените | 2-15,4% | 7-53,8% | 3-23,1% | 1-7,7% |
| | 22. | Училиштето води грижа за уредување и оддржување на училишниот простор | 1-7,7% | 12-92,3% | 0 | 0 |
| | 23. | Меѓусебни односи во колективот се на ниво на толеранција, почитување и без предрасуди | 5-38,5% | 6-46,2% | 1-7,7% | 1-7,7% |
| | 24. | Родителите добиваат детални редовни информации за постигнување и однесување на своите деца | 6-46,2% | 6-46,2% | 1-7,7% | 0 |
| | 25. | Локалната средина е запознаена со активностите на училиштето | 4-30,8% | 8-61,5% | 1-7,7% | 0 |
| | 26. | Локалната заедница ги поддржува програмите кои ги предлага училиштето | 1-7,7% | 11-84,5% | 1-7,7% | 0 |
| | 27. | Училишен простор и опремата со која располага училиштето овозможуваат реализација на наставни и вонnаставни активности | 2-15,4% | 9-69,2% | 2-15,4% | 0 |
| | 28. | Хигиена на тоалети, ходници и училници во училиштето секогаш е на завидно ниво | 0 | 6-46,2% | 6-46,2% | 1-7,7% |
| | 29. | Училишна библиотека/ медијатека располага со доволен број на книжен фонд за потребите на наставници и ученици | 0 | 10-76,9% | 3-23,1% | 0 |
| Прашалник за родители | I | **Прашање** | Потполно се согласувам | Се согласувам | Не се согласувам | Потполно не се согласувам |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1. | Учењето и постигнувањето на учениците е во средиште на активностите на училиштето | 13-34,2% | 25-65,8% | 0 | 0 | |
| | 2. | Информиран/а сум за сите важни случувања во училиштето | 19-50% | 19-50% | 0 | 0 | |
| | 3. | Задоволен сум од организацијата и управувањето на училиштето | 18-47,4% | 19-50% | 1-2,6% | 0 | |
| | 4. | Училишниот простор и опремата овозможуваат реализација на наставни и воннаставни активности | 12-31,6% | 23-60,5% | 3-7,9% | 0 | |
| | 5. | Хигиената на тоалетите, ходникот и училниците ги задоволува потребите на учениците | 8-21,1% | 16-42,1% | 11-28,9% | 3-7,9% | |
| | 6. | Училиштето води грижа за уредување и одржување на училишниот простор | 13-34,2% | 21-55,3% | 4-10,5% | 0 | |
| | 7. | Наставниците ги почитуваат и поттикнуваат учениците | 19-50% | 19-50% | / | / | |
| | 8. | Односите меѓу учениците се добри | 14-36,8% | 23-60,5% | 1-2,6% | 0 | |
| | 9. | Успехот на секој ученик зависи од покажаниот успех и знаење | 21-55,3% | 17-44,7% | 0 | 0 | |
| | 10. | Децата со посебни потреби се добро прифатени | 22-57,9% | 16-42,1% | 0 | 0 | |
| | 11. | Имаме организирана поддршка при одлучување за натамошното школување на нашите деца | 15-39,5% | 22-57,9% | 1-2,6% | 0 | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| | 12. | Добиваме детални и редовни информации за постигнувањето и однесувањето на своите деца | 20-52,6% | 18-47,4% | 0 | 0 |
| | 13. | Училиштето го зема во предвид мислењето на родителите во однос на важните прашања | 16-42,1% | 21-55,3% | 1-2,6% | 0 |
| | 14. | Наставниците во оваа училиште својот авторитет го градат на знаење, а не на страв | 17-44,7% | 21-55,3% | 0 | 0 |
| | 15. | Оценување на учениците е праведно и добро разработено | 16-42,1% | 22-57,9% | 0 | 0 |
| | 16. | Редовно сме известени за оценките на учениците и мерките за нивното подобрување | 21-55,3% | 17-44,7% | 0 | 0 |
| Прашалник за ученици | | **Прашање** | Потполно се согласувамм | Се согласувам | Не се сосогласувам | Потполно не се согласувам |
| | 1. | Наставниот кадар развива доверба, уважува различни мислења и обезбедува добра комуникација | 15-57,7% | 10-38,5% | 0 | 1-3,8% |
| | 2. | Учењето и постигнувањата на учениците завземаат централно место во училиштето | 11-42,3% | 15-57,7% | 0 | 0 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 3. | Наставниците ме почитуваат и ме поттикнуваат. | 16-61,5% | 10-38,5% | 0 | 0 |
| | 4. | Односите помеѓу учениците се добри. | 13-50% | 13-50% | 0 | 0 |
| | 5. | Успехот на секој ученик зависи единствено од вложениот труд и покажаното знаење. | 13- 50% | 13-50% | 0 | 0 |
| | 6. | Училиштето им нуди на учениците голем број различни воннаставни активности. | 8-30,8% | 18-69,2% | 0 | 0 |
| | 7. | Во училиштето се чувствувам сигурно и безбедно. | 15-57,7% | 11-42,3% | 0 | 0 |
| | 8. | Имаме организирана поддршка при донесување на одлука за понатамошно образование. | 11-42,3% | 15- 57,7% | 0 | 0 |
| | 9. | Кога сум загрижен за нешто, разговарам со наставниците. | 4- 15,4% | 19-73,1% | 3-11,5% | 0 |
| | 10. | Училиштето често организира средби со ученици од други образовни институции од локалната заедница и пошироко | 7–26,9% | 15-57,7% | 4-15,4% | 0 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 11. | Содржината од повеќето наставни предмети ми е занимлива | 7- 26,9% | 19-73,1% | 0 | 0 |
| | 12. | Знаење на учениците се проверува на различни начини (усно, писмено, практично...) | 15-57,7% | 11-42,3% | 0 | 0 |
| | 13. | Наставниците од училиштето својот авторитет го градат на знаење, а не на страв | 14-53,8% | 12-46,2% | 0 | 0 |
| | 14. | Редовно се прати и евидентира активноста на учениците на час | 15-57,7% | 11-42,3% | 0 | 0 |
| | 15. | Наставниците редовно не известуваат за оцени и предлагаат начин за нивно подобрување | 12-46,2% | 14-53,8% | 0 | 0 |
| | 16. | Изречените педагошки мерки се праведни и позитивно влијаат на однесување на учениците | 10-38,5% | 16-61,5% | 0 | 0 |